**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 11 јануари 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,21 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четринаесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Поповска, Лазо Китановски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Џеват Адеми, Зумрет Јакупи, Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Мирјана Секуловска, Ристо Пенов, Слободан Најдовски, Радмила Шеќеринска и Мери Младеновска-Ѓеоргиевска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да продолжиме со претрес би сакал да ве известам за резултатите од вчерашните процедурални проблеми кои доведоа до определено одлагање на оваа седница.

Тие проблеми се обидовме да ги решиме на две ниовоа.

Првото ниво беше ниво на мојата консултација со Комитетот за национални прашања кој донесе Одлука согласно амандманот 12 точка 1 став 6 на Уставот на Република Македонија ве известувам дека Комитетот за односи меѓу заедниците на седницата одржана на 11 јануари 2007 година во врска со спорот за спроведувањето на постапката за гласање по Предлогот за поднесување на закон за изменување на Законот за празниците на Република Македонија со Предлог на закон одлучи дека Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за празници содржи одредби во смисла на амандман 10 точка 2 на Уставот на Република Македонија поради што за донесување на овој закон е потребно мнозинството утврдено со амандманот 10 точчка 2 на Уставот на Република Македонија.

Со други зборови овој закон ќе се прима со Бадинтерово мнозинство.

Претседател на Комитетот за односи меѓу заедници Насер Ајдини.

Вториот дел, вториот квалитет на разрешувањето на процедуралните проблеми беше координација.

Имавме опширна координација со сите шефови на сите партии, од најмалите до најголемите и на таа опширна координација дојдовме до еден заеднички заклучок дека опозицијата смета дека би било подобро овој закон да се прима во два дела односно прво да имаме т.н. нацрт на закон и тоа да биде даден на поширока дискусија.

Мнозинството си зеде обврска да ја извести Владата за тоа, Владата е известена и досега немаме резултат за одлуката на Владата, но гледано строго институционално, гледано строго деловнички тој резултат е валиден и може да дојде се додека трае дискусијата односно расправата по Предлогот на законот со Предлог на закон.

Значи, во таа смисла тука би ги заклучил јас процедуралните проблеми и би го отворил претресот по Предлогот за донесување на закон.

Има збор министерот Мешков како предлагач.

Повелете министре.

**Љупчо Мешков:** Поитуван претседателе, почитувани пратеници,

На почетокот би посакал навистина да имаме една конструктивна расправа по однос на заонот за изменување на Законот за празници во Република Македонија. Би сакал со неколку аргументи да образложам зошто Владата на Република Македонија предлага ваков закон, кои се причините и кои се предлозите од страна на Владата за еден ваков закон.

Како што ви е познато постојниот Закон за празниците во Република Македонија беше Закон кој беше предложен од страна на пратеник на Собранието, значи предлагач беше пратеник на Собранието на Република Македонија и ние како Влада сметавме дека во рамките на активностите што ги работи Владата во врска со задачите околу Е У интеграциите и усогласување и хармонизација на законодавството на Република Македонија со законите во Европа оценивме дека и овој закон треба да биде изменет и во таа насока ви го доставивме Предлогот за донесување на овој закон со Предлог на закон.

Како што вас ви е познато и многу пати досега беше споменувано, компарирајќи ги бројот на празниците во Република Македонија во однос на другите држави неколку пати беше кажано и констатирано дека во Република Македонија односно Република Македонија по бројот на празниците се наоѓа на долниот дел од лествицата на бројот на празнични неработни денови во повеќе еворпски и други држави и со предлогот што се дава за изменување на Законот ние повторно со бројот на празничните денови одиме погоре, но не сме високо на таа скала, многу држави во Европа и надвор имаат имаат многу голем број на празнични денови. Ова го кажувам само како статистика, се разбира не е ова во смисла на некој аргумент повеќе зошто се предлагаат повеќе празници, но чисто како податок, претпоставувам дека и вие го знаете и сега со предлозите на бројот на празниците сепак нема многу високо да котираме на таа лествица.

Прво, иако ова можеби не е најважната причина се предлага во рамките на таа хармонизација и усогласување двата празника што се во мај, први и втори мај и први и втори јануари се предлага да се празнуваат по еден ден односно први мај да биде празник и први јануари. Значи во тој дел се врши намалување на бројот на празниците .

Тука е тргнато пред се од тоа што сметаме дека тие празници во рамките на компарацијата со другите земји и хармонизацијата со оглед на фактот дека многу држави овие празници, втори мај и втори јануари не ги празнуваат како празнични денови, во таа смисла сметавме дека и кај нас во законот треба да бидат во тој дел намалени празнувањата со тоа што ќе бидат само први мај и први јануари. Тоа во некоја смисла овозможува приближување кон европската и светската пракса за празнување и неработни денови.

Второ, се зголемува бројот на празниците и неработните денови во однос на постојниот закон и тоа.

За три нови државни празници-24-ти мај, Свети Кирил и Методиј, ден на сесловенските просветители;

23-ти октомври ден на Македонската револуционерна борба, почеток на Македонската револуција и

8-ми декември Светиу Климент Охридски.

Во делот на празниците истите се зголемуваат за три нови и тоа: Божик, прввиот ден на Божик; Велигден, вториот ден на Велигден и Рамазан Бајрам прввиот ден на Рамазан Бајрам.

Ова се празници кои се однесуваат како празници според членот 2 за сите граѓани во Република Македонија. Овие три празника како празници постојат и во важечкиот Закон, во постојниот Закон, со тоа што тие се регулирани и третирани како денови кои се празнуваат и се неработни денови само за граѓаните од соодветната вероисповед. Значи, сега добиваат друг карактер, карактер на празници кои се однесуваат на сите граѓани во Република Македонија.

Се зголемува за пет за верниците од православната вероисповед и за четири нови празници за верниците од другите вероисповеди. Значи, сумирано во однос на постојниот Закон имаме 12 празнувања односно неработни денови вкупно, со постојниот Закон, а со новиот предлог тој број се зголемува на вкупно 22 неработни денови во кооии ги сметаме и оние кои што се однесуваат на припадниците на посебните вероисповеди и на празниците кои се однесуваат на сите граѓани на Република Македонија, а бројот на неработни денови за сите граѓани на Република Македонија се зголемува за 4 неработни денови.

Трето, со овој Предлог на закон се создава основа за една уште поголема меѓуетничка толеранција и почит во однос на празниците на другите вероисповеди со тоа што во празнични денови кои досега беа неработни само за приупадниците на една вероисповед сега со овој закон се предлага да бидат неработни денови за сите граѓани во Република Македонија.

Четврто, со новиот Предлог исто така е зголемен бројот на постојниот закон во однос на верските празници, пред се со цел на граѓаните на Република Македонија секој во рамките на својата вероисповед да има поголем простор односно време и денови за реализација на своите верски потреби односно слободни денови во кои своите верски чувства ќе може да ги сподели и во кругот на своето семејство. Досега имавме примери, на пример за празникот Водици имаме многу граѓани на Република Македонија кои се присутни на тие обреди што се вршат, значи има потреба да ги празнуваат тие денови, или еве сега за Божик имаше луѓе кои се јавуваа во Министерството и велат ние во понеделник нема да работиме без оглед дали вие ќе го прогласите неработен ден понеделник или не. Значи, луѓето имаат потреба од такви слободни денови во коои ќе можат да ги задоволуваат слободно во неработни денови своите верски потреби.

Петто, првенствена цел на овој Предлог закон не е да се зголеми само бројот на неработни денови, како што некој можеби кажуваше, иако тоа нормално се прави со овој закон, туку пред се да се зголеми бројот на одбележување на одредени историски и други значајни датуми во однос на постојниот Закон, да се зголеми тој број.

За сите овие предлог решенија што се содржани во Законот кој го предлага Владата се одржани консултации за оние за кои што Владата сметаше дека се потребни да бидат направени такви консултации, со сите надлежни кои што имаат ингеренции и познавање на овие работи и можат да дадат придонес во одбележувањето на сите датуми кои се предложени во Законот. Тука пред се мислам на соодветните верски институции, на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи и со други луѓе од фелата на историјата кои се занимаваат со историја и се она кое беше корисно за Владата да добие сознание за овој Предлог што го предлага пред Собранието.

Имаше доста полемика околу тоа дали да оди во една или две фази, се разбира Собранието е тоа кое што ќе одлучи, меѓутоа Предлгото на Владата е бидејќи не се работи за многу сложен и обемен закон да оди во една фаза како Предлог за донесување на закон со Предлог на закон. Тоа е што го предлага Владата во врска со постапката за донесувањето на овој закон.

На крајот би сакал да кажам дека како прво решението не е избрзано и непромислено, како што слушнав вчера, туку е промислено и направени се потребните консултации околу предлогот што е даден пред Собранието на Република Македонија.

Јас ова го кажувам од аспект да бараТаме со термини како што треба, затоа што ова не е закон на ВМРО-ДПМНЕ туку ова е закон на Владата на Република Македонија. Се изведуваат заклучоци дека не се консултирани, незнам, ако имате такви сознанија или писмени би сакал да ги видам затоа што ние како Влада и како Министерство навистина направивме потребни консултации кои што ни беа неопходни за да го подготвиме и предложиме овој закон токму со овие празници кои се набележани во самиот закон.

Се разбира дека има и многу значајни историски и други датуми кјои што секој би сакал да бидат внесени во законот. Бројот на таквите празнувања тогаш би бил огромен, па Владата на Република Македонија со овој Предлог на закон ви ги предлага овие празници кои се наведени во Предлогот на законот и предлага овој закон да биде донесен во една фаза од страна на Собранието на Република Македонија . Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално бара збор господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Во име на коалицијата ДУИ и ПДП бараме половина час пауза за да ги добиеме стенографските белешки од говорот на министерот и да продолжиме со расправа.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.

(пауза од 11,40 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,20 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со претресот.

Има збор Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитувани пратеници, почитуван министре,

Од образложението што го дадовте не слушнавме ништо поразлично од она што можевме да го слушнеме на комисиите за време на дебатата за овој Закон. А искрено очекував барем да слушнеме одредени детали во најмала рака кои се вистинските побуди за предлагање на ваков Закон и тоа токму во овој период. Ако е вистина тоа што го тврдите дека причините се хармонизаца со реформите и законите кои што ги правите во овој период во насока на европските интеграции, дозволете, меѓутоа јас мислам дека тоа е врв на најголема хипокризија. Ниту е ова закон кој што Европската унија кога ќе дојде времето да провери што направила Република Македонија да исчекори уште понапред за да го добие датумот за преговори со Европската унија, затоа што воопшто не е приоритет, ниту пак ќе овозможи реализација на реформите во судството, ниту пак ќе овозможи подобрување на борбата против организираниот криминал и корупцијата, ниту ќе овозможи реализација на сите други реформи кои што ние дефакто би требало да ги исполниме во врска со реформите за ЕУ интеграциите и за НАТО интеграциите. Јас се плашам дека под превезот на реформи за ЕУ интеграции сакате да пробуткате закони кои што немаат никаква врска со тоа. Меѓутоа, сакате таа причина, тоа образложение да ви користи само како алиби кога немате сериозни образложенија зошто предлагате одреден закон. И ако заради ваков закон Владата работела денонoќно за да не приближи и да не хармонизира со Европската унија, јас мислам дека тогаш Владата може и малку да одмори и да поспие неколку саати, не мора баш волку многу да се труди. Затоа што сигурно овој закон и одземал многу непроспиени ноќи и денови за да утврди кои празници Македонија би требало да ги слави за да се приближи и да се хармонизира со Европската унија. Ако она што се провлекува по други изјави причината е дезидеологизација на празниците во Република Македонија, јас верувам дека е тоа можеби главната побуда, меѓутоа верувам дека главната цел што сака да се оствари со овој закон е недезидеологизација, туку идеологизација по мерката на ВМРО-ДПМНЕ. И не можете да ме убедите кога велите дека ова не е закон на ВМРО-ДПМНЕ, туку на Владата, затоа што по Предлогот на овој закон беа изненадени коалиционите партнери на ВМРО-ДПМНЕ, како што е НСДП. Јас ако е потребно повторно ќе го цитирам господинот Иван Анастасовски кој исто така беше изненаден и во изјава за медиумите кажа дека мора да сме крајно внимателни, дека некои празници допираат до верските чувства на етничките заедници. Ако се усвои овој Предлог, ќе дадеме право секоја партија да го истакнува својот приоритет како државен празник. Меѓутоа, јас не слушнав од вас господине министре да ми образложите зошто 23 октомври, не кажавте дека е проценет да биде државен празник во Република Македонија.

И кога зборував за изборот на Владата, кога давав проценка за нејзиниот идеолошки профил, кажав дека е прилично чудно лево ориентирани и десно ориентирани партии да бидат во една Влада и дека ќе биде интересно како ќе функционираат идеолошки кога ќе дојдат одредени прашања од идеолошки карактер. Ова е едно од тие прашања и очигледно е дека веќе има недоразбирање во таа насока како ќе го усогласат, дали ќе стане повторно збор за некаков пазар во коалицијата, дали ќе стане збор за добивање на уште неколку места од страна на НСДП, или исполнување на некои желби од страна на НСДП останува да се види. Владата ако смета дека главниот приоритет бил да се подобри позицијата на Република Македонија на лествицата на бројот на празници кои што се слават во Европската унија, јас доброволно кажувам како член на парламентарната опозиција ќе ја амнестирам Владата од секаква критика доколку се откаже од ваквиот приоритет. Затоа што Владата на избори излезе со економска програма и вети дека приоритет ќе биде Република Македонија да ја подобри економската ситуација и дека е тоа лествицата на која што Владата ќе се фокусира да ја подобри позицијата на Република Македонија визави другите членки на Европската унија. Меѓутоа со вакви решенија за кои што не можете да ме убедите дека не се избрзани и не се промислени, Владата ниту предлага реформски закон, ниту придонесува за било што со ваков закон, освен што со контраверзните предлози кои што се дадени во законот ќе предизвика голема дебата и ќе испровоцира долга расправа на која што ќе изгубиме многу енергија во докажување дали овој

предлог треба, или не треба да биде празник во Република Македонија. И со ваквите предлози Владата сама се кочи. Со ваквите предлози Владата нема право да ја обвинува опозицијата дека ги кочи реформите кога Владата воопшто не предлага реформски закони за кои што би можеле да дебатираме во Собранието. Меѓутоа, преголемата желба што Владата ја покажува во изминатиот период за предлагање на популистички закони, за популистички мерки кои можеби на краток рок ќе придонесат за зголемување на рејтингот на Владата, мислам дека ќе и се вратат како бумеранг, затоа што на долг рок практички нема да донесат ништо. Долгорочно граѓаните повторно ќе ја прашаат Владата, дали нивната економска состојба е подобра од вчера, или не, дали во борбата против организираниот криминал е подобра, или не, дали има концепција за развојот и насоката во која што треба да се движи Република Македонија, или не. Меѓутоа, очигледно е дека изминатите неколку месеци Владата покажува дека нема концепција, дека нема приоритети, за жал, затоа што според нејзиното однесување единствено што може да се заклучи дека единствениот приоритет на Владата на Република Македонија во нејзиното функционирање овие месеци е само личниот маркетинг. Затоа бевме сведоци на кампањата 100 дена Влада, затоа сме сведоци на вакви закони за кои се смета дека ќе имаат подршка од граѓаните затоа што нема некој што не сака повеќе неработни денови во Република Македонија, без да се води сметка како тоа ќе се одрази на натамошното функционирање. Зошто сметам повторно дека ова е уште едно избрзано и непромислено решение на ВМРО-ДПМНЕ. Затоа што реков, изненадени беа коалиционите партнери, меѓутоа, изненадени беа и покажаа резерви и Македонската православна црква и Исламската верска заедница. Повторно ќе морам да ги прочитам нивните изјави дадени за медиумите кои што јас претпоставувам дека вие господине министре би требало да ги следите во кои што портпаролот на МПЦ владиката Тимотеј вели: “ние го подржуваме ставот да има повеќе празници, но сепак треба да водиме сметка и за чувствата на граѓаните со друга вероисповест, односно не би сакале кај нив да се создаде незадоволство со бројот на празниците на православните христијани”. Поглаварот на Исламската верска заедница Реис Улема Сулејман Реџепи смета дека предлогот не е во ред. Не е прифатливо да се предложат толкав број христијански, а само еден верски празник за припадниците на исламската вероисповест. Значи, ова не оди во прилог на тоа дека со овој закон, со овие предлози дека ќе се зголеми етничката толеранција и почит, туку напротив со ваквите коментари дека може уште повеќе да се случи нетолеранција, или дезинтеграција, меѓуетничка и верска дезинтеграција во Република Македонија. Тоа што за мене е поразувачки сигнал е што портпаролот на МПЦ има поголем сенс за вакви чувствителни прашања, отколку Владата на Република Македонија. Јас сега навистина се прашувам, со кого сте се консултирале и дали може Комитетот за односи меѓу заедниците да биде единствениот релевантен фактор кој што ќе предложи кои верски празници, ќе се слават во име на сите верски заедници и религиозни групи во Република Македонија. Ако со овој закон Владата прави обид да ги одоброволи МПЦ и ИВЗ да ги прифатат измените во Законот за верско здружување и да прифати регистрација на црквата на Вранишковски, мислам дека е многу погрешна политика, затоа што очигледно има паметни луѓе во МПЦ кои вакви евтини трикови од типот на зголемување на верски празници како празници во Република Македонија не ги прифаќаат. Значи, ние не добивме образложение зошто токму овие празници се предложени, како е одлучено колку празници ќе се слават во Република Македонија и како е одлучено колку неработни денови ќе иама во Република Македонија. Зошто е застанато токму на таа бројка. За прв пат се доведуваме во ситуација да воведеме верски празници како празници во Република Македонија. Сопред Уставот ние сме секуларна држава, кај нас државата е одвоена од црквата. Ние не можеме да ја земеме праксата од другите европски држави каде што тоа не е случај. За нас не може да биде пример Грција каде што црквата е дел од државата и нивната позиција е јасна. Меѓутоа, не можам да се отргнам од впечатокот дека со вакви предлози Владата ја злоупотребува религијата и верските чувства на граѓаните. Повторно ќе кажам само за краткорочни поени во име на нејзиниот рејтинг. И токму заради тоа што ние не добивме такви одговори, значи одговори зошто токму овие празници се предложени, врз основа на која анализа е тоа направено, врз основа на која анализа е одлучено колку празници ќе слават. Заради сензитивноста на верските прашања нормално е да очекувате дека ќе има лавина на коментари, нормално е дека ќе очекувате да има лавина на предлози. Од сите амандмани што се предложени, речиси половината, ако не и повеќе од половината се од верска природа од страна на пратениците и за тоа не можете да ги обвините. Затоа што за секој граѓанин на Република Македонија на пример домашната слава е еден од најголемите верски празници и ако прашате некој индивидуално за кого би се одлучил, сигурно ќе ви каже дека неговата домашна слава е онаа за која што би требало во Република Македонија да се прогласи неработен ден, затоа што тогаш има обврски за подготовка, за дочекување на гости итн. Меѓутоа, да се каже дека под притисок на јавноста е тоа направено, мислам дека е многу слабо и многу дилетантско образложение, затоа што ние сме сведоци и во претходниот период, заради притисокот на јавноста многу брзо се менуваат одлуките. Министерката за економија излезе да ја брани одлуката за старите возила, под притисок на јавноста два дена потоа Владата ја смени одлуката. Вие почитуван министре излеговте да кажете дека 8 јануари нема да биде неработен ден, меѓутоа под притисок на јавноста еден ден

подоцна излеговте и рековте дека под притисок на јавноста Владата одлучи и излезе во пресрет на граѓаните 8 јануари, вториот дена на Божиќ да биде неработен ден. И со тоа покажавте колку Владата е добра и ја слуша јавноста и оди во прилог на нејзините барања. Ако така се однесува Владата и ако така лесно ги исполнува желбите на јавноста, нека го прифати Законот за стечајци, затоа што ветивте во кампањата, а сега не сакате да го исполните, нека ги исплатат тутунарите, нека се договорат со Силмак за струјата, затоа што за нив исто така има притисок од јавноста. Меѓутоа, тука за жал, станува збор за нешто сосема друго и нешто многу покрупно што Владата сака само прикриено да го протурка покрај ваквите предлози.

Јас сепак, мислам дека требаше Собранието да одлучи овој Закон да се разгледува во две фази, ако веќе Владата инсистира да се измени овој Закон, затоа што сметам дека Владата треба да се фокусира на посуштински работи. А за вакви сензитивни прашања да се консултира, да се организира дебата со научната јавност и со сите релевантни фактори од која ќе произлезат предлози анализирани од сите аспекти и од културолошки и од социолошки и од историски и од етнички, од верски и од секаков, како сакате и тогаш нема да имате ниту еден во државата кој што ќе излезе со резерви по било кое решение од така предложен закон. Затоа што сите ќе бидат убедени дека станува збор за сериозна анализа за која што сите релевантни фактори се произнеле. И покрај тоа што ќе кажам повторно, ова не треба да биде приоритет на Владата. Меѓутоа, во немањето на концепција и на безидејност на Владата кон што да се фокусира, ние ќе добиваме сеуште наместо сериозни реформски закони, вакви популистички закони со измена на неколку члена и ќе се жалиме колку е опозицијата неконструктивна.

Една од најголемите дебати се разбира со цел предизвика меѓу другото и предлогот 23 октомври како ден на Македонската револуционерна борба да биде државен празник на Република Македонија.

Јас сега се прашувам, ако ВМРО ДПМНЕ и премиерот настапуваат толку арогантно и прилично “храбро” кажува дека без разлика на мислењата на опозицијата ние ќе продолжиме со нашата работа, демократските процеси, без разлика какви ќе бидат укажувањата, Парламентот треба да го усвои тоа што Владата го предлага и нема што тука да се дискутира. Меѓутоа ако треба кворум, тогаш опозицијата треба да влезе во салата затоа што треба да ги поддржи сите решенија кои Владата ги предложила.

Како што се храбри во такви изјави, треба да бидете храбри исто така и да кажете дека со овој закон, повторно ќе кажам, вршите идеологизација по мерка на ВМРО ДПМНЕ, меѓутоа немате доволно храброст до крај да кажете дека 23 октомври е ден на формирање на ВМРО кој вие го славите како партиски празник и затоа предлагате да биде државен празник во Репулбика Македонија, туку го криете зад превезот - ден на Македонската револуционерна борба и со тоа се обидувате да направите фалсификат на историјата. Не може да очекувате ова да не предизвика дебата. Не може да очекувате за една ваква формулација да не реагира Сојузот на борците кои, јас знам дека вие не ги почитувате и кога би можеле, имајќи го предвид вашето функционирање и менталната матрица, кога би можеле да ги избришете да не постојат и да негирате воопшто дека постоела Народна ослободителна борба, би го направиле тоа. Меѓутоа, треба да го почитувате и нивното мислење.

Ако имаше јавна дебата ние сега потполно ќе се дефокусиравме од позицијата на историчари или на сведоци на некое минато време и наместо сега да водиме дебата околу тоа дали 23 октомври треба да биде државен празник или не, ние ќе имавме чиста ситуација која историчарите или научната јавност, МАНУ и другите институции, ќе ја расчистеа и ќе имавме јасна ситуација за овој празник.

Неспорно е дека ВМРО одиграла улога во градењето на свеста за независна Репулбика Македонија, неспорно е дека има значајно место во македонската историја, но исто така е недозволиво за потреата на дневно партиски интереси и популистички манир, да се манипулира со историските факти и грубо да се лецитира со националните чувства, а тоа е што се сака сега да се направи.

Во книгата “Македонија 100 години по Илинденското востание”, од господинот акад. Иван Катарџиев се вели: “ Не е спорно дека појавата на сепаратистичкото движење кое во прв план ги истакнува сопствените македонски интереси, не била и не може да биде само продукт на постапката на една група ученици од 40-50 души. Напротив, таа група можела да биде и многу поголема, можела да брои 400-500 души, но сепак да не биде во состојба да направи нешто доколку за тоа не постоеле соодветни општествени услови. Ако средината во која се одвивал тој процес не била отворена, приемчива, со еден збор продуктивна за таква дејност, од идејата немало да има ништо. Иако природбата не беше доведена до крај, прашањето за делење на македонските од бугарските интереси во македонската средина е постојано присутно. Вистина, во македонската средина тоа не било толку манифестирано до моментот на нејзиното најсилно експонирање во почетокот на 90-тите години од 19 век, кога се збогатува и со нови порадикални форми. На сцената се јавува револуционерна активност. Програмската опрделба на ова движење била ослободувањето на Македонија и нејзиното конституирање како самостојна држава. Белег на тоа време му дава македонското востание во Кресна, познато како Кресненско востание а подигнато по долината на реката Струма, на 5 октомври 1878 година. Тоа го одбележало почетокот на периодот на

национално револуционерните борби на македонскиот народ. Во тој период се формирани основите на државно правните цели на националната револуција”. Или, цитирам: “Македонија во рамките на Османлиската империја да се создаде како трибутарна држава под власта на султанот и покровителство на големите европски сили, како автономна држава на Македонскиот народ и на другите националности што живеат на нејзина територија”.

Тоа е нешто што вие не можете ниту да го фалсификуате, ниту да го прескокнете, ниту да негирате дека не е ден на македонската револуционерна борба. И пак ќе речам, бидете храбри и кажете дека е тоа ден на ВМРО кој вие го славите како партиски празник. Ако сметате дека е толку важно од исориски аспект, откажете од предзнакот ВМРО, во вашата политичка партија и тогаш ќе прифатиме дека можеби имате и добро намерни причини за предлагање на ваков празник. Се друго, доколку остане вака како што е сега, особено имајќи го предвид фактот дека министерот воопшто и не се обиде да објасни од кои причини оваа дата е предложена за државен празник во Репулбика Македонија, мислам дека дава сосема друга конотација на целиот Предлог закон. Друго е прашањето што и во претходниот период на владеењето на ВМРО ДПМНЕ и во овој, првата работа за која се фаќа ВРМО ДПМНЕ нешто да реализира е во врска со религијата. Или веронаука во училиштата и покрај тоа што Уставниот суд еднаш, во периодот од 1998-2002 година ја укина таа иницијатива, упорно, не согледувајќи ги фактите дека такво нешто е невозможно, и во овој мандат на ВМРО ДПМНЕ се продолжува со иницијативата веронаука по секоја цена да биде предмет во училиштата во Репулбика Македонија. Типично десничарски, морам да кажам. Меѓутоа, дури и за десничарските партии важи дека треба да го почитуваат Уставот на Репулбика Македонија, а Уставот на Репулбика Македонија заради секуларноста на државата не дозоволува предмет веронаука во училиштата, ниту пак мислам дека ќе дозволи за прв пат воведување на верски празници, како празници на Репулбика Македонија. Меѓутоа, тоа е прашање на Уставниот суд. Јас се надевам дека доколку овој закон се изгласа вака како што е предложен, Уставниот суд ќе се произнесе по него.

Трагично е што ние не добивме никакво образложение, тоа го нема ниту во образложението на законот, зошто токму овие вески празници се одбрани. Несакајќи да навлегувам во секој поединечно затоа што, дозволете, меѓутоа јас не би се осудила да вршам проценка кој верски празник е поважен од некој друг. Ако земете еден православен календар, јас би можела да поднесам амандман за речиси секој ден во годината затоа што сметам дека секој верски празник си има своја тежина и значење, а особено оние кои се со црвено подвлечени, како празници од посебно значење.

Ако едно од објаснувањата беше, од еден од пратениците од ВМРО ДПМНЕ, дека се одбрани тие кои реално се слават, тогаш тоа апсолутно не е точно, затоа што реално се слават сите верски празници, некои ги слават поголемиот дел на граѓаните во Репулбика Македонија, а некои помалку. Меѓутоа, ние повторно не добивме критериум како ги одбравте токму овие празници. Како Владата се дрзна да им диктира на граѓаните на Репулбика Македонија кои вески празници да ги слават. Тоа е недопустливо, особено недопустливо во една секуларна држава како што е Репулбика Македонија. Дозволете, меѓутоа, чувстсвувам потреба да кажам уште еднаш дека како верник мене особено ми смета некој друг да ми диктира кои верски празници се поважни, особено кога е во прашање Владата и кои верски празници Владата смета дека граѓаните треба да ги слават, без разлика на тоа од која вероисповест се, особено заради тоа што, ќе кажам, нема никакво образложение.

И на крај врв на се е, под финансиски средства Владата да напише дека законот чие донесување се предлага, не повлекува обврска за обезбедување на финансиски средства од Буџетот на Репулбика Македонија за негово финансирање. Можеби тоа е така, меѓутоа, ќе има сериозни импликации по финансиската ситуација во Репулбика Македонија, затоа што вие, дефакто, имате нешто помалку од половина неработни денови вкупно во годината и не можете да кажете дека тоа нема да има импликации на бруто домашниот производ. Можеби нас би ни била друга ситуацијата доколку би биле во позиција на Германија, со многу подобра економска ситуација, па дури ми се чини ни Германија не би можела да се дрзне, без сериозна анализа да предлага неработни денови, без да направи анализа како ќе се рефлектира тоа врз бруто домашниот производ. Меѓутоа, тука немаме ништо нормално затоа што побудите со овој закон се многу поголеми.

И на крајот, сакам да порачам дека во година на решавање на клучни прашања на Балканот, во година на одлука за Репулбика Македонија кога тра да се одлучи дали Македонија ќе добие покана за членство за Европска унија, и дали ќе добија покана за НАТО, Владата би требало да се фокусира на посоштински прашања, би требало да се фокусира на она што навистина значат реформи кои ќе не приближат и кои ќе ни обезбедат покани за Европска унија и за членство во НАТО и за почеток на преговорите за Европска унија.

И порачувам на Владата што побрзо да го помине овој период на конфузија, без идејности, немање на концепција. И порачувам на Владата што побрзо да излезе од филмот на популистички мерки затоа што оценката во тој случај, верувајте не само на опозицијата, туку и на меѓународните фактори, ќе биде дека единствеиот приоритет што Владата го наметнува, особено во првата половина во годината од нејзиното функционирање, е исклучиво личниот маркетинг,

а тоа нема да ни обезбеди ниту покана за членство во Европска унија, ниту покана за членство во НАТО, ниту пак ќе овозможи спроведување на реформите кои заради нас треба да ги спроведеме, ниту пак ќе ја подобри економската ситуација на граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете министре.

**Љупчо Мешков:** Не сакам да полемизирам со ставовите на почитуваната пратеничка Грковска заради тоа што тоа се нејзини ставови и нејзини мислења, но морам да укажам на некои работи кои се во интерес на вистината.

Прво, нема важни и неважни закони. Сите закони се важни. Ако не се важни не би биле ни предлагани, не би биле ни донесувани од овој Парламент. Можеби има по приоритетни и по неприоритетни. Меѓутоа, во делот за кој зборуваме ние, како што рече почутуваната пратеничка дека економските закони имаат приоритет, точно е тоа и ако погледнете ќе видите дека во Собранието на Републбика Македонија чекаат многу закони кои се од економската сфера, стратегии, оперативни планови итн., кои ги тангираат најсуштинските прашања во Републбика Македонија. Тоа пред се е вработувањето и борбата против сиромаштијата.

Владата на Републбика Македонија, можеби некој со сарказам ќе го каже тоа, но навистина работи деноноќно, прво,пред се заради обврските што стојат пред неа, второ, заради тоа што многу задачи и обврски кои беа со термини од минатата година, некаде од февруари 2006 година, останаа нереализирани. Значи паралелно мора да се работи и на интензивирање на тие заостанати работи, со цел со динамиката да постигнеме експедитивност во извршувањето на сите задачи од Оперативнио план за ЕУ интеграциите.

Инаку, заради ваше знаење Владата на Републбика Македонија подготви и стратешки документи што тангираат многу значајни праќања од економската сфера. Тоа пред се е Националната стратегија за вработување до 2010 година, Националниот акционен план, Националната стратегија за борба против сивата економија, акционите планови во врска со еднаквите можности и многу други закони од економската сфера кои чекаат да дојдат на дневен ред во Собранието.

Многу би било погрешно сфаќањето ако некој мисли дека со овој закон ние кажуваме на луѓето кои празници да ги прославуваат а кои не. Овој закон нема таква цел заради тоа што мене никој не може да ми забрани куќна слава да ми биде 4 декември, Мала Богородица, иако тој празник не е напишан во овој закон. Јас, се разбира ќе си го празнувам овој празник. Овде се напишани празниците кои се неработни денови кои им даваат поголема можност на граѓаните на Републбика Македонија, од соодветната вероисповест, да имаат повеќе време да си ги исполнат своите верски потреби. Инаку, зошто овие празници се предложени, а не некои други, тоа прашање секогаш може да се постави. Меѓутоа овие празници се предложени во консултација, сега не треба имиња и презимиња да спомнувам, со луѓето кои не известиле и кои се надлежни за тоа дека овие празници се најмасовно прифатени кај граѓаните на Републбика Македонија, од соодветната вероисповест. Се разбира, тоа не значи дека нема и други, но оценето е дека овие се тие кои практично се најмасовно прифатени кај народот. Тоа е причината зошто токму овие празници.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Јас го разбирам министерот. Во ситуација кога нема критериум и аргументи врз основа на што се предложени овие предлози, него не му преостанува ништо друго освен да даде ваква реплика.

Ние, се разбира ќе дискутираме сериозно за законите од економска сфера кога претседателот на Собрание ќе закаже седница за материјалите кои се доставнеи до Собранието. Претседателот е тој што го диктира темпото, а претседателот е од парламентарното мнозинство. Меѓутоа, ќе се согласите дека тоа не е приоритет и дека непотребно ќе дебатираме за прашање кое нема да има никаков ефект, за она што како држава треба да го направиме.

Ако велите дека ова се најмасовно прифатени од народот празници, тогаш како ќе објасните дека Ѓурѓовден на пример не е меѓу нив, дека Свети Никола која е една од најславените слави дека не е меѓу нив, Спасовден исто така. Немате аргументи.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Со оглед дека се водат стенографски белешки од оваа седница, покрај другото се говори за празници кои се поврзани со религијата, односно верувањето, без разлика на која вера се припаѓа.

Јас би сакала да го поправам министерот и со тоа да кажам дека не е исто да се биде религиозен и да се познава религијата, меѓутоа, во мојата дискусија би сакала да кажам дека 4 декември не е Мала Богородица, туку е Воведение на храм на Пресвета Богородица. Поради стенографските белешки, само а и вие инсистирате на религиозноста.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам на ова објаснување.

Има реплика три минути Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Мојата реплика, иако времето е навистина кратко, за разлика од министерот јас имам намера да полемизирам со ставовите на колешката Грковска, меѓутоа, за три минути ќе се обидам да кажам две поенти, односно да спорам со дел од нејзината дискусија.

Прво, празниците кои што се предложени во Законот народот во Република Македонија, граѓаните на Република Македонија веќе ги слават децении наназад и кога биле забранети и кога претходникот на вашата политичка партија со закон ги забрануваше да слават. Граѓаните ги чувствуваат како свои. Тоа може секој од нас кој што по малку барем е верник во својата религија да го види и да провери било кој од овие празници кои што се предложени со Законот. Значи, нема потреба многу да дебатираме и воопшто не гледам причина зошто за оваа точка и за овој закон однапред опозицијата закажува дека сега ќе имаме неколкудневна бесплатна дебата. Значи тие веќе во старт имаат намера од оваа седница, односно од оваа точка да прават идеолошки фестивал, меѓутоа, сметам дека ќе го прават тоа сепак на штета на сопствената партија и на сопствената идеологија.

Инаку, што се однесува до 23 октомври, кој што е предложен за празник, 23 октомври 1893 година е ден когае основана Македонската револуционерна организација, односно Македонскиот револуционерен комитет и претставува почеток на организираното македонско ревоуционерно движење за ослободување на Македонија и за создавање самостојна и независна македонска држава.

Ова е констатација која што буквално сите историчари неподелено ја кажуваат, без разлика дали се ориентирани кон лево, кон десно, или се поблиски до оваа или онаа политичка опција. Значи, тоа е констатацијата која што сите ја споделуваме. Исто така, 23 октомври е ден на Македонската револуционерна ослободителна борба и предвесник на идните македонски востанија Илинден и 11 Октомври и таа е организацијата, која што го организирала ова, го подготвила и спровела Илинденското востание.

Ако еден од најголемите и најсветли празници и датуми во македонската историја е 2 Август, денот на почетокот на Илинденското востание, тогаш која е смислата и кое е образложението што вие овде го наведовте дека не ја признавате организацијата која што го подготвила, го дигнала и го спровела Востанието кое што претставува еден од најважните настани во историјата на македонскиот народ. Значи онаа организација која што го подготвила, го спровела тоа востание не ја признавате, а неподелено е мислењето дека 2 Август, Илинден е еден од најсветлите датуми во македонската историја. Можеби и вие имате мислење како еден од вашите идеолошки истомисленици од минатото, кој тврдеше дека премногу му посветуваме внимание на 2 Август и на Илинден во Македонија, на штета на 29 Ноември и 22 Декември. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јави Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Доколку имаше јавна дебата господине Китановски денеска немаше да полемизираме јас и вие за историските аспекти на предлозите, туку ќе полемизираа историчарите. Меѓутоа, ако ги следите медиумите ќе видите дека има поделено мислење околу тоа дали 23 Окомври треба да се нарече ден на македонската револуционерна борба и дали треба да се слави како државен празник. Ако одиме според вашите образложенија, тогаш би требало и АСНОМ и 11 Октомври да ги славиме, или денот на основање на Комунистичката партија на Македонија би требало да го славиме, затоа што благодарение на таа Народноослободителна борба денеска имаме независна Република Македонија.

Што се однесува до тоа дека народот ги слави, да. Секој верник, ама вистински верник кој што ги почитува десетте божји заповеди, ги слави верските празници и ги почитува, без разлика дали државата му го наметнува тоа или не, меѓутоа, прашање е дали вашата пратеничка група и во вашата партија, која што толку ја прокламираа верата и религијата, можете да најдете луѓе кои што ќе кажете дека живеат со овие 10 правила.

**Љубиша Георгиевски:** Јас ги молам сите што учествуваат во реплики и контра реплики да бидат подисциплинирани, затоа што ми е крајно непријатно да ги прекинувам.

Бидејќи бев спомнат во однос на приоритетите како претседател на Собранието би сакал да кажам дека јас лично и не само јас, како што гледам и парламентарното мнозинство овој закон го сметаме за исклучително приоритетен. Би сакал, притоа да потсетам скромно дека Хмната на независна Република Македонија, која не е секуларна држава, тоа никаде не го пишува во Уставот апропо нота бене, такво нешто нема во Уставот. Сакам да потсетам дека во Химната на независна Република Македонија стојат Сандански, стои Гоце, стои Питу, стои Даме Груев, тие луѓе стојат. За жал, не стои Лазар и компанија. Благодарам.

Реплика има Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Најпрвин почитувана колешке, можам да ви кажам дека јас лично, моето семејство и огромен број ВМРО-ци, живееме според десетте Божји заповеди.

Второ, за она што го имавте кажано дека ВМРО-ДПМНЕ, односно ВМРО-ци, ако можат ќе се откажат и од борците од НОБ. Очигледно почитувана колешке дека немате доволно познавање од историјата на македонскиот народ, па си дозволувате да тврдите вакви нешта. Најпрвин, како еден аргумент, односно контра аргумент на она што го кажувате дека нема апсолутно никаква логика е она што сега ќе ви го кажам. Јас сум ВМРО-ДПМНЕ, мојот татко и мојот чичко се ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа, се борци кои што се бореле за оваа Република Македонија, борци од НОБ и имаат заслуги и имаат ордени заслуги за народ. Значи, ВМРО-ците воопшто не ги потценувајте дека се против луѓето кои што се бореле за самостојна и независна Република Македонија. Целиот период на НОБ е проткаен со

идеите на ВМРО. Целиот период на НОБ е проткаен со идеалите на Крушевската Република. Видете ги декларациите, видете ги повиците и од таму ќе заклучите дали ВМРО-ците биле против борбата за ослободување на Македонија.

Понатаму, си дозволивте да кажете очигледно непознавајќи ја дури ни христијанската религија дека најголеми празници за христијаните, секој си има свој домашен празник и за секого најголем празник е домашната слава. Ве уверувам дека за сите христијани најголем празник е Воскресението Христово и тој е ставен во овој наш Предлог на закон. Исто така, рождеството Христово е еден од најголемите христијански празници. И неспорно е тоа за секого. Никој не им пречи на граѓаните на Република Македонија да ги чествуваат и домашните слави. Тоа не значи дека во овој закон се ставени религиозни празници, кои што не се најголеми празници за христијаните во Република Македонија. И најсетне за Свети Климент можеме да кажеме дека тој неможе да биде, бидејќи тој е автор на кирилицата, тој ја воведува писменоста и покрстувањето, односно практикување на христијанството на нашиот мајчин јазик, мајчиниот јазик на нашите дедовци.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Славица Грковска има две контра реплики по една минута. Одете по ред, по ваш избор.

**Славица Грковска:** Прво, ниту еднаш во мојот говор не спомнав термин ВМРО-ци, како тоа што го направи госпоѓата Бонева. Напротив, постојано ословував партијата ВМРО-ДПМНЕ, како што е нејзиното име.

Второ, јас сум убедена дека е добар пример фамилијата на госпоѓа Бонева, меѓутоа, политиката на ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија спрема борците од НОБ е повеќе од очигледна во јавноста и за тоа имаше дебати од 1998 до 2002 година, а и сега.

Трето, не сте ме слушале внимателно. Јас реков дека не може да биде аргумент дека оние празници што се слават, треба да бидат празници на Република Македонија, кога за секој верник домашната слава е празник кој што реално се слави и би сакал да биде неработен ден.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, имате уште една минута.

**Славица Грковска:** Мислам дека е поразително за Република Македонија кога претседателот на Собрание ќе каже дека согласно Уставот Македонија не е секуларна држава и ви препорачувам претседателе, со оглед на тоа што претставувате сериозна институција, во најмала рака да бидете пример за тоа како треба да се почитуваат Уставот и законите во Република Македонија. Добро е тоа што слушнавме дека и за вас меѓу другото, како и за парламентарното мнозинство ова е приоритетен закон, за сметка на приоритетните закони кои што ќе овозможат реформи за влегување во Европската унија и НАТО.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, јас сеуште сум под впечаток на вашиот коментар. Не можам а да не почнам со Уставот на Република Македонија, каде што поранешниот член 19, односно амандманот 7 јасно кажува дека Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелистичко методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот.

За жал, мислев дека сабајлешниот гаф, кога не знаевте дека Комитетот за односи меѓу заедниците му е вистинското име, туку го ословувате за меѓунационални односи, ќе биде гаф. Очигледно дека имате хендикеп со Уставот и уставните термини, а од друга страна зборувате за некоја европска перспектива, согласно европските принципи и патот кон Европа одат одвоено од државата, црквата и другите верски заедници и религиозни групи. Тој хендикеп очигледно ВМРо-ДПМНЕ ќе си го носи со вас како претседател, со вашите ставови во јавноста, што ова не може да остане некоментирано од македонската јавност, како загриженост за тоа дали знаеме како изгледа една европска држава и кои се принципите и приоритетите на таа држава.

За жал, и оваа седница не враќа многу назад. Практично заморени се граѓаните од дебати за делби, поделби, обвинувања, етикетирања. И не само што опозицијата, јас читам на листингот десетина пријавени и од позицијата кои гласно од говорницата ќе докажуваат кој е поголем Македонец, кој е сопственик на името ВМРО, кој како и што придонел во Република Македонија, па ќе се враќаме назад на корените, ќе се враќаме на роднините, ќе се враќаме на еден политички амбиент кој што далеку не одвојува и не носи од европската перспектива. Но, ова е само дел. Јас пред некоја седница кажав дека има загриженост меѓу неколку интелектуалци и луѓе од Унвиерзитетот за можноста за промена на политичкиот систем во Република Македонија во овој момент кога на власт е ВМРО-ДПМНЕ. И ова за тоа дали сме ние одвоени или не неодвоени од црквата, кој е статусот на црквата се отфрла или додава дополнителен аргумент на тоа дека некој во овој момент сака да го промени политичкиот систем во Република Македонија. За тоа СДСМ јасно и гласно предупредува на опасноста на она што може да се случи. Тука нема да помогне никаков деловник. Нема експерт од Германија кој што очигледно сме го испратиле да оди, нема да помогне во неплодната, непродуктивна дебата што ќе се случи овде и со овој закон ние нема ниту да се приближиме до Европската унија, ниту да се приближиме до НАТО. Затоа, без разлика дека во разни говори ќе кажете дека овој состав треба да донесе 400 приоритетни закони, ние чекаме нив да ги видиме. Министерот Мешков зборува за некаква стратегија, која за жал, не е ставена на седницата која што е закажана за 24

јануари. Тогаш да не зборуваме за некои фикции дека имаме економски закони и за борба против сиромаштијата и невработеноста, а ги немаме на маса, не се на дневен ред господине Мешков. Не знам дали го знаете тоа. Ќе дојде она со вицот “уплатите за да добиете лото”. Ние постојано зборуваме за некои фиктивни закони, што постојат фиктивни стратегии, но ги нема на дневен ред. Ние сега повторно два-три дена ќе се докажуваме кој е поголем Македонец во Република Македонија. Тоа што другите држави го затворија 1991-1992 година и затоа се сега во Европа.

За жал, европското акционо партнерство, документ што не го потпишала само претходната Влада, туку го потпишала и Европската комисија и Советот на министрите и тие гарантираат за тоа европско партнерство. Тоа е приоритетот за Република Македонија. Дајте да работиме по тој европски акционен план. Ние ви гарантираме како СДСМ дека за секој таков закон што ќе дојде со тие 400 закони, ќе дискутира само еден човек. Нема да зборуваме за тоа зошто некој пред 90-та година колку имал шанса да дипломира драматургија во Белград, или да се вработи на факултет. За тоа ли ќе зборуваме сега? Кој што правел од 1945 до 1990 година? Каде ќе не води тоа? Дајте еден од тие закони, ние ќе зборуваме веднаш и ќе го донесеме. Ама не сега да се докажуваме кој што правел и колку придонесувал во изминатите 50 или 70 години, во зависност од возраста.

Од друга страна министерот доаѓа со едно образложение или со излагање кое е повеќе статистичко, броеше работни и неработни денови со нецелосни информации и со доказ дека некој друг требало да биде помошен предлагач на овој законски проект, бидејќи Министерството за труд и социјална политика по дефиниција не може да има голем број на информации и нема информации за историските настани во Република Македонија.

Од друга страна Владата на 6-та седница ја свикува Комисијата, таа на 12 октомври се состанува и веднаш знае да ги идентификува датумите кои се со историско значење во изминатите години и веќе на 30-ти октомври го имаме заверено овој законски проект во Деловникот на Собранието.

Апсурдноста на предлогот што доаѓа и самиот министер падна во една каша каде и тој не знае каква куќна слава има и што слави. Или лицемерието да биде поголемо се изнаслушавме колку ВМРО-ДПМНЕ организира, прави или помага на Црквата, па господинот Груевски беше кај г.г. Стефан и му се заблагодари на поддршката за време на изборите, исто една апсурдна работа. Повика луѓе за донација на Милениумскиот крст, но не даде пари, ни еден од министрите што беше присутен не даде пари за да биде лицемерието и апсурдноста поголема. Сега ние ќе се докажуваме кој бил поголем верник, кој повеќе свеќи запалил, кој повеќе пати се прекрстил.

Каде ќе не води тоа како политика, како држава на европскиот пат на Република Македонија.

Господине министре вие зборувате во вашето излагање дека ова не е закон на ВМРО-ДПМНЕ, туку е закон на Владата на Република Македонија. Кога во весник ќе се појави инсертер што го плаќа ВМРО-ДПМНЕ иако касата на ВМРО-ДПМНЕ е затворена, лани имаше 60 денари, според Извештајот на ревизорите и на Управата за јавни приходи. Кога таа ќе го промовира 23-ти октомври со свој печат ова нема да биде закон на Владата на Република Македонија. Вие, за жал, како коалиционен партнер ќе го трпите тоа за интересите што како политичка партија ја имате со едно и пол вработување и со едно министерско место.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се држите за темата, за оваа тема вие сте побогати, држете се за темата.

**Јани Макрадули:** Не се секирајте вие, се држам за темата, 23-ти октомври е предложен и овој инсертер што отштампал ВМРО-ДПМНЕ во стотици илјади примероци, што не дознав како и од кои средства е направен, бидејќи сметката е блокирана, во прилог на законот за празници. Тоа го пишува во воведот и можеме слободно да зборуваме за тоа. Затоа ова не е закон на Владата на Република Македонија, за жал, и коалиционите партнери се ставени во една подредена ситуација да мора да зборуваат и за убијците и за жртвите на иста страна.

Од друга страна Владата форсира еден стереотип дека Собранието е бавно и не може да ја прати Владата. Не може Собранието да ја прати Владата затоа што толку брзала што стотици закони ќе ни пратела. Законот од 16-ти октомври дури сега доаѓа на дневен ред, но ова не е закон што ќе ја подобри економската ситуација во Република Македонија. Тоа мора на сите да им е јасно од ова ниту повеќе ќе има вработувања, ниту побогати и поцврсти стомаци ќе имаме во Република Македонија. За жал, овој закон ќе предизвика нови делби, нови поделби, нови мачни реторики, дебати, критики, етикетирања во Собранието и практично реков ќе не врати многу назад.

Сега, имајќи го Предлог законот каде пишува дека инсертерот на ВМРО-ДПМНЕ во прилог на 23-ти октомври каде го има Тодор Александров сега јас треба да го читам познатиот историски расказ на Унијата на млади сили “Чакам те да дојдеш” од весникот “Завет” издаден за улогата на Доста Димовска и врховизмот и бугароманите по 1991 година. Тоа ли треба да правиме сега? Да зборуваме за кафеаната Александар Плац, за Глас, за Дело, за тоа ли да зборуваме сега? Каде ќе не одведе тоа?

Затоа апсурдноста на овој Предлог и несериозноста на мала врата да се фрли во Собранието, да се отвори овде една гладијаторска борба од која никој нема да има бенефит, никој нема да има ќар, најмногу штета ќе претрпи Република Македонија затоа што не

знаеме кога ќе стигне законот за јавно обвинителство ни кога ќе се избере јавниот обвинител, стратегијата што министерот за труд и социјална политика ја пратил ја нема на седница, сега ќе останеме во една статус кво ситуација да зборуваме за верски празници, да зборуваме за минатото, да зборуваме дали Унијата на млади сили во 1986 година во Завет добро зборувала или лошо зборувала.

Она што е единствено добро во овој закон е тоа дека можеби подзаборавената идеолошка разлика помеѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ ќе излезе на виделина. Таа разлика не е во персоналниот состав, туку во многу работи. Третирањето на историјата и личностите во историјата за нас не може Тодор Александров да биде дел од овој 23-ти октомври и ако сакате да не цитирам историчари, ќе го цитирам господинот Коле Мангов кој во свое писмо и до господинот Груевски и до господинот Милошоски по повод полагање цвеќе на гробот на Христо Матов ќе напише, цитирам "ако министерот Милошоски и било кој околу него ги отвори книгите на Ефтим Гашев нашата кауза и непокор, ќе се соочи со вистината за Христо Матов, Борис Сарафов, Тодор Александров и нивните содејственици преку соочување со нивните следбеници со кои Гашев бил во Идризово.

Ако некој читател го интригира кој е авторот на овие редови, мое е да кажам дека во 1958 година сум вклучен во мрежа од ВМРО тројки предводена од Томислав Стевковски и Филип Лазаревски притворени со решение крбр 32/58 од 30 јануари 1958 година во Окружниот суд во Скопје.

Мојата порака до Никола Груевски прв човек на ВМРО-ДПМНЕ да се заштити од постнеоврховизмот. Ако не може да ме разбере мене нека се обиде да разговара со Ефтим Гашев".

Така пишува Коле Мангов, да ги оставиме сите историчари за кои ќе ставите знак на еднаквост дека своето образование како и многу членови на ВМРО-ДПМНЕ не го стекнале во некој друг систем. Да не ставаме знак на еднаквост, да не цитираме некои академици кои повторно можеби ќе ставите знак на еднаквост затоа што тие, со оглед на возраста, морале своето образование да го стекнат во одреден период. Туку, ајде да погледнеме што велат други, што зборуваше Унијата на млади сили во 1996 година, зошто ни се потребни нови делби, поделби, зошто сакаме да воведеме некој ден како што кажа министерот во образложението кое е дадено од страна на Владата сосема бегло, па можеби не е ни спомнато.

Затоа бараме овој закон да оди во две фази. Вчера на координација тоа го договоривме. Согласно членот 59 од Деловникот, последниот став, пишува дека претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи работи врз основа на усогласување на ставовите и ние нема потреба да чекаме господинот Груевски да одлучи дали ова ќе оди во една или во две фази. Тоа ние го одлучивме сосема легитимно, согласно Деловникот сите координатори на пратеничките групи, претседателите на партиите кои се претставници на етничките заедници во Република Македонија и сосема легитимно можеме да одлучиме ние како Собрание да работиме во две фази.

На тој начин ќе им дадеме поддршка на сите, условно кажано, бели глави, на Институтот за национална историја, на МАНУ, на Институтот за историја при Филозофскио факултет, Сојузот на историчарите, Сојузот на борците, Правниот факултет мора да биде вклучен, значи експерти од историска, правна и социолошка наука кои во една јавна дебата ќе ги кажат и ќе ги истакнат своите ставови. За жал, Македонија во овој момент е под еден, но да не кажам потежок збор, но е под една пресија, под едно привидение на премиерот дека се може, дека може да носи закони, а Парламентот да го третира како гласачка машинерија, дека може ставот на помалите коалициони партнери да го менува преку ноќ, па тие не бараат веќе да се оди во две фази. Што е цената на тоа ќе дознаеме, Синдикатот да се игнорира со нивното писмо, Сојузот на синдикатите на Македонија укажуваат за втори мај како традиционален празничен ден на работниците кој го поминуваат на викенд, па и први мај да не го сфаќаме како рецидив од минатото или излетите на работниците на втори мај и тоа да го сватиме како некој рецидив од минатото. За жал, вака не одат работите на добро, за жал влеговме во една идеолошка пресметка од минатото исклучиво предводена од господинот Груевски за кој сум убеден дека голем дел од членовите на ВМРО-ДПМНЕ во овој момент не се согласуваат, граѓаните желно ја очекуваат економската преродба, граѓаните желно го очекуваат ветеното, гласаа на 5-ти јули за подобра економска ситуација, поголема инвестициона клима, но освен договореното со Џонсон Контролс од претходната Влада сеуште чекаме да се случи нешто на економски план во Република Македонија. Но, кога нема леб добри се и игрите.

Затоа како гладијатори Владата не става во една позиција, ни пушта еден ваков закон граѓаните да имаат забава, да гледаат крв, да гледаат етикетирање, да гледаат поделби за да може некој да мисли дека ќе ја бајпасираат ветената економска преродба што во овој момент ја нема. За жал, така во Европа не се оди, за жал Собранието треба брзо да одлучи овој закон да оди во две фази, тоа можеби ќе ја порелаксира атмосферата овде, можеби ќе го намали бројот на дискутантите, ќе и даде шанса на јавноста да се произнесе и потоа ќе им даде шанса и на коалиционите партнери кои во овој момент имаат скепса спрема законот за да можат во една помирна и порелаксирана атмосфера да се донесе закон како што му прилега на ова Собрание, а не ваков закон во кој повторно ќе се

докажуваме, ќе изигруваме игра, гладијаторска борба на премиерот Груевски.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се пријавени Димовски и Јанеска, повелете три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Сосема накратко во насока да покажеме конструктивност во дискусијата, јас би сакал да се согласам со една од тезите која ја искажа господинот Јани Макрадули, а тоа беше дека другите држави ова прашање го затворија на почетокот на 90-тите години. Апсолутно се согласувам со ставот на господинот Макрадули дека е грешка што ова прашање не е затворено на почетокот на 90-тите години кога на власт беше СДСМ.

Значи, сите нормални источно - европски држави Чешка, Полска, Унгарија, Романија итн раскрстија со своето идеолошко минато од комунизмот во почетокот на 90-тите години. Сите овие нормални држави ги донесоа законите за лустрација на почетокот на 90-тите години и сите овие држави во процесот на евроинтеграции влегоа со раскрстени односи во смисла на идеолошкото наследство на комунистичкиот период. Кај нас во Република Македонија, за жал, дури по доаѓањето на ВМРО-ДПМНЕ на власт 1998 година се донесе Законот за денационализација, дури после 1998 година се донесе Законот за правата на лицата осудувани за идеалите на независна и самостојна Република Македонија, дури во минатиот мандат се донесе Декларација во која државата Република Македонија им се извини на жртвите на комунизмот во Република Македонија, дури овој парламентарен собир ќе расправа за закон за лустрација кој сите нормални источно-европски држави го донесоа во раниот почеток на 90-тите години.

Тука е проблемот господине Макрадули зошто Македонија доцни во одредени процеси на европеизација и раскрстување со минатото.

Факт е дека во дискусијата ќе бидат спомнувани многу историски ликови, факт е дека нема да бидеме имуни од спомнување на имиња, како што направи господинот Макрадули. Само за да посочам дека се шпекулира со имиња и дека се шпекулира со информации, ќе кажам една информација.

Господинот Макрадули спомна Борис Сарафов. Ќе го потсетам дека во градот Велес беше изграден првиот споменик Коњаник во Република Македонија. Тој е посветен на тројца војводи Јован Наумов - Алабакот, Андреја Докурчев и Тодор Христов - Офицерчето, тоа се тројца војводи од Велес за кои е општо познато и историски верификувано дека биле припадници на т.н. "Групација" во ВМРО-Сарафисти.

Инаку, ќе го потсетам господинот Макрадули дека и градоначалникот и Советот во општина Велес се под влијание на левицата во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Господинот Димовски како задолжен за реплики не ме слушал што кажувам, туку веднаш реплицира. Јас го цитирав господинот Коле Мангов и господинот Сарафов го спомнав како цитат, како дел од писмото кон Никола Груевски и Милошоски.

Не е проблем што во Македонија не се случило 1991 година, проблем е што политичарите заборавaат дека на првите избори во Република Македонија победи ВМРО-ДПМНЕ, дека премиер беше Никола Кљусев, дека во Владата беа господинот Боев, Наумов и не го направија во тие две години. Од 1998 до 2002 година четири години беа на власт, зошто да го заборавиме тоа, а се повикуваме на европски стандарди, а меморијата ни е на нула ниво.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Се согласувам со господинот Јани Макрадули дека овој закон треба да оди во две фази, се согласувам дека можеби европските закони се приоритет, но воопшто не се согласувам дека е ова неважен закон и воопшто не се согласувам дека ние на оваа тема не треба да дискутираме.

Од 1990 година наваму не направивме национално помирување и вие ќе ми кажете дека не сме имале граѓанска војна и немало потреба за тоа. Јас ќе ви кажам дека имаше тивка граѓанска војна во која страдаа вмровци. Страдаа и внатре партиски во таа една партија која се создаде во НОБ за поделбата на левица и десница на ВМРО пред Втората светска војна, но за тоа кога ќе земам збор. Имаше чесни луѓе кои се бореа за слободата на Македонија во НОБ и ги почитуваме ние од ВМРО, но не она што се изроди после тоа и прогонот на вмровците кој се случуваше од 2002 до 2006 година. Значи, тоа не е минато господине Јани Макрадули. Ваши функционери во денешно време вршат прогон на вмровците, тоа ќе го дефинираме понатаму како и што.

Бидејќи имам само три минути, можеби навистина еден ден треба да го издискутираме сето ова не да докажуваме кој е поголем Македонец оти јас искрено верувам дека и вие ја сакате Македонија, но конечно да го расчистиме бугарофилството, србоманството, гркофилството, југословенството, подобните, неподобните, Тодор Александров не му бил некому симпатичен, па не е подобен, на оној што е симпатичен е подобен, не можеме да ја менуваме историјата така како што некому му одговара. Како што на комунистите им одговарало во СФРЈ и како што сега на СДСМ му одговара. Можеби во таа историја ќе најдеме и личности што не ни се допаѓаат и што не се прифатливи, но крајно време е ако сакаме да одиме во Европа да се договориме што за оваа земја беше неприфатливо законот за лустрација, па оние што беа жртви на комунизмот итн и што за сите нас е

прифатливо за да можеме мирно и достоинствено да влеземе во Европа со европски стандарди.

Значи предрасудите треба да ги оставиме назад, за историјата нема што да се договараме. Ние може само да се договориме што е тоа што заеднички ќе го почитуваме. За верата ми се чини нема што да договараме, тие што се верници се верници, тие што не се не се, но едни со други мораме да си ги почитуваме ставовивте.

Со оглед на тоа колку многу се пријавени за збор, со оглед на тоа колку жолчна дискусија се отвори, сметам дека навистина е дојдено времето кога културно и достоинствено во корист на земјата наша лична конечно треба да расчистиме неколку ставови и потоа да тргнеме напред, а не назад. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Јани Макрадули од една минута.

**Јани Макрадули:** Јас се надевам дека ВМРО-Народна партија ќе остане на ставовите што ги објави во јавноста, а тоа е дека ова е, цитирам, "популистичка мерка на Владата, дека измената на Законот за празници е избрзана и дека со терминолошки параван ВМРО-ДПМНЕ сака да го присвои денот на основањето на ВМРО како партиски празник и да го издигне на државно ниво". Се надевам принципиелноста ВМРО-Народна партија ќе ја задржи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Рафис Алити. Повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател.

Почитувани господа пратеници, почитувани колеги,

Навистина е многу значаен закон, затоа што се говори за чувствата на граѓаните, за чувствата на населението, се говори за Закон за празниците и затоа не само јас, туку и парламентарната група или коалицијата ДУИ-ПДП мисли дека беше време и порано да се донесе еден ваков закон, да се понуди Предлог-закон од овој вид на Собранието. Добро е што во овој момент се предлага вакво предлог на закон, меѓутоа, ќе треба да се направат подобри подготовки за донесувањето на еден предлог закон каков што е законот за празниците. Ова го велам имајќи предвид дека нашата земја е мултиетничка, мултиконфесионална и затоа мислиме дека требало да се направат подобри подготовки при поднесувањето до Собранието на еден ваков предлог на закон. Ова го велам затоа што подготовките за донесувањето на закон за празници не се направени, немало јавна расправа, немало консултации, барем со Академијата на науките и уметностите и универзитетите во земјата, имало потребни консултации со верските заедници во Република Македонија кои се активни и затоа мислам дека за еден ваков предлог на закон прво ќе треба да се направат потребните консултации со сите, дури и со политичките партии кои се активни во Република Македонија, затоа што имаме и политички партии кои припаѓаат на различни етнички заедници и со тоа сигурно ќе донесевме една листа на предлози која во себе ќе содржеше празници од сите етнички заедници се разбира, меѓутоа празници кои навистина ќе не соединат, а не празници кои тука ќе ги исполитизираме така како што почна оваа расправа.

Нема да се впуштам во анализа на тоа кои празници се предложени со овој предлог на закон и зошто се предложени, кој е идеолошкиот аспект, кој е историскиот аспект и дали сите граѓани ги чувствуваат овие празници како празници кои се заеднички и навистина овие празници да ги празнуваат заеднички.

Токму поради тоа мислам дека овој закон треба да оди во две фази, за да се остварат тие јавни и политички расправи меѓу интелектуалците и граѓаните и потоа да излеземе со листа на празници, која ќе ја поддржиме или ќе беше добро да ја поддржат сите парламентарни групи. Меѓутоа, дали ќе достигневме до таа точка на поддршка или не, тоа е прашање, меѓутоа, доколку имаше поширока расправа ќе стигневме до еден консензус, би рекол консензус од 90% од пратениците, иако ќе беше најдобро да беше 100%, да се поддржи таа листа на празници меѓутоа, тие датуми да бидат празници на сите граѓани и да се почитуваат од сите граѓани. Со тоа што ние како пратеници сме предложиле 27 амандмани, тоа значи сме предложиле 27 празници или датуми кои се значајни за етничките заеници во Република Македонија или датуми кои се значајни исто така и за верските заедници. Тоа говори доволно. Велам говори доволно, затоа реков малку порано дека нема да се впуштам во тоа ссега да говорам за значењето на празниците кои се сега на листата, која се предлага од страна на Владата. Јас само ќе спомнам некои од нив, што се државни празници во Република Македонија. Тоа се: 24 Мај - Свети Кирил и Методиј, Ден на сесловенските просветители; 2 Август - Ден на Републиката; 8 Септември - Ден на независноста; 11 Октомври - Ден на Народното востание; 23 Октомври - Ден на Македонската Револуционерна борба и 8 Декември - Свети Климент Охридски. Потоа се продолжува со празници на Република Македонија, а тоа се: 1 Јануари, Нова Година, Божиќ - првиот ден на Божик, Велигден - вториот ден на Велигден, Први мај - Ден на трудот и Рамазан Бајрам - првиот ден на Рамазан Бајрам.

Потоа во членот 2 се вели дека во Република Македонија се празануваат и неработни денови за верниците од православната вероисповест. Тоа се: Бадник - Ден пред Божик, 19 јануари - Богојавление и Водици, Велики петок - петок пред Велигден, 28 август - Успение на Пресвета Богородица - Голема Богородица и Задушница, првиот петок во ноември. Во Република Македонија, продолжува понатаму, се празнуваат и неработни денови, а тоа се: Курбан Бајрам - првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од муслимнската вероисповест, 22 Ноември - Ден на

Албанската азбука за припадниците на албанската заедница, Јон Кипур - Првиот ден на Јом Кипур за припадниците на Еврејската заедница и првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци според Григоријанскиот календар за припадниците од католичката вероисповед. Членот 3 продолжува и со други празници.

Јас ќе спомнам некои од празниците, всушност некои од датумите кои ние како парламентарната група или како коалиција сме ги предложиле. Велам некои затоа што сме предложиле повеќе од нив. Ќе почнам со 13 август - Ден на потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, кој цениме дека е многу значаен ден за сите граѓани на Република Македонија. Исто така, би го предложиле и 28 ноември - 1443 година - Ден на соединување на албанските принцови во Лежа под раководство на Скендер Бег, тој што е многу значаен ден за нас албанците, меѓутоа, не само за нас туку и за сите народи на Балканот и Европа. Исто така, предложивме и амандман кој е во однос на 10 јуни 1878 година, ден на Призренската лига, кој што исто така е во однос на движењата кои во тоа време биле на Балканот, исто така и од припадниците на македонската заедница како што е ВМРО и тн, бидејќи балканскирте народи во тоа време дејствувале речиси секој во исто време за осамостојување и ослободување. Исто така, сме го предложиле и амандманот со датумот 12 август, ден кој што е многу значаен за нас албанците, денот на ослободувањето на Скопје од Бајрам Цури и Иса Болетини и повторно ќе се навратиме на тоа дека се поднесени 27 амандмани за кои мислиме односно сме свесни дека сите датуми кои сме ги предложиле нема можност да влезат како датуми кои би биле државни празници, да се празнуваат со овој Предлог-закон или со некој друг предлог закон. Како и да е, има простор да постигнеме договор, да постигнеме заеднички консензус помеѓу нас и навистина во овој Предлог на закон да влезат оние датуми кои ќе бидат приоритетни и оние датуми кои би не соединиле. Ова го велам затоа што минатото на балканските народи е заедничко минато, колку што е за пофалба нашата историја толку е и болна и затоа доколку донесеме закон или предлог закон за празници тогаш празниците се тие кои не само нас во ова Собрание туку и граѓаните на Република Македонија треба да ги соединат, затоа што празникот е празник независно од минатото, ние треба да го прифатиме како празник на едниот и на другиот и тоа да го почитуваме. Затоа, би побарал уште еднаш од мнозинството, да се согледа можноста од страна на Владата, ако не и ние тука во Соранието да гласаме за донесувањето на овој Предлог-закон во две фази или Владата да излезе со еден таков предлог. Во спротивно, мислам дека ќе имаме долга расрпава, ќе ја елаборираме нашата историја од национален или верски аспект кој зошто треба да го празнува овој или оној празник. Сите тие празници кои се празнуваат од припадниците на различна вероисповест во Република Македонија или пак припадниците на различни етнички заедници во Република Македонија, за нивното минато и со амаднманите кои ние пратениците сме ти поднеле на законот што е предложен од страна на Владата, сигурно тие датуму не се тука.Меѓутоа, тоа не значи дека граѓаните на Република Македонија не ги празнуваат тие датуми. Напротив, има многу значајни датуми кои од граѓаните се празнуваат на разни начини.

Затоа, уште еднаш ние како коалиција бараме Законот во Собранието да помине во две фази и навистина да постигнеме еден заеднички консензус.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Со оглед на времето, во овие 4 минути до 14,00 часот да завршиме со реплики и контра реплики.

Реплика за пратеникот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Претходниот дискутант го ислушав внимателно, меѓутоа, на граѓаните треба да им се каже вистината, а вистината е дека законот се базира врз европски вредности, се заснова врз концептите на патот по кој оди Македонија, значи почитувањето на диверзитетот, или пак почитувањето на културолошките, историските диверзитети или разлики на народите кои живеат во Македонија така како што тоа го прави или ја почитува разноликоста европската заедница. Албанските граѓани, знаат сите, дека во оваа држава никогаш не бил државен празник Бајрам. Од сега натаму со овој закон се овозможува Бајрам да биде државен празник кога нема да се оди на работа и сите граѓани албанци и другите граѓани ќе празнуваат рамноправно како што празнуваат и од другиот состав што има православна вероисповест.

Истовремено, сакам да го спомнам и празникот на Битолскиот-манастирскиот конгрес на азбуката, кој е празник што ги поврзува со албанската култура или има патриотски елементи за албанците во Македонија и за албанците секаде во светот. Тоа ќе биде ден кој ќе биде многу свечен, кога ќе празнуваат многу албанци за излегувањето на албанската азбука и Македонија ќе биде средина каде нејзините установи и институции ќе ги повикаат најеминентните луѓе од албанската книжевснот и албанскиот јазик и ќе го спомнат овој датум кој што е многу значаен за албанците. Затоа, мислам дека законот не е таков како што го објасни опозиционата страна, едностран закон, туку законот е заснован врз европски вредности. Почитувани се разноликостите во Предлог-законот. Сепак, и другите празници имаат карактер кој не поврзува нас како албанците. На пример, 1 Мај е празник на сите граѓани, потоа Крушевското Востание каде албанците учествувале рамноправно со сите народи во Македонија во ова востание и таму албанците имаат свој удел и ние ќе го празнуваме тој ден како празник што е во врска и со нас. Меѓутоа, има и други празници. Јас и гарантирам на опозицијата која е со лева проминиенција дека современите празници како за Јосип Броз Тито

што ни се наметнуваат нема да ги има во овој Предлог-закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Рафис Алити. Повелете.

**Рафис Алити:** Сигурно дека почитуваниот колега треба да го прочита Предлог-законот. Кај државните празници нема ништо во врска со празникот Бајрам или Денот на азбуката, така што тоа не е празник рангиран како државен празник туку е во членот 2 кај празниците кои се неработни денови за етничките заедници или за разните конфесии. Неработни денови биле и во минатото, и во времето на комунизмот некои луѓе не оделе на работа кога бил празникот Бајрам. Меѓутоа, не сакам да говорам за тоа. Јас побарав законот да се разледува во две фази и доколку говориме за евроинтеграции, тогаш 13 Август треба да биде датум кој ќе се усвои во ова Собрание, затоа што нема државник или странски дипломат кој дошол во Македонија и не го спомнал Охридскиот рамковен договор и 13 август. Затоа, ќе беше добро во оваа насока да се размисли. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Објавувам пауза за ручек.

(Пауза од 14,01 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да продолжиме со работа, а воедно и преставниците на Владата да влезат во салата.

Бидејќи претставникот на Владата пристигна, продолжуваме со работа.

Пратеникот Агим Рамадани побара реплика на дискусијата на господинот Рафис Алити.

Има збор господинот пратеник Рамадани Агим.

**Агим Рамадани:** Благодарам .

Жалам што господинот Рафис не е во салата, меѓутоа со оглед на тоа јас сум принуден да дадам две објаснувања, затоа што во текот на неговата дискусија, тој, можеби од незнаење или пак можеби со други намери, не знам, се обиде да ги релативизира овие празници што ги предлагаме ние како државни празници и како неработни денови.

За објаснување до јавноста ќе кажам дека се поделени празниците на Република Македонија во две големи групи. Празници што припаѓаат на државноста на Република Македонија, како држава, како што 8 Смептември, 2 Август, 24 Мај и други кои се сите во врска со основањето на Република Македонија како држава. Вториот на празници на Република Македонија каде се ставени 1 Јануари, Божиќ, 1 Мај, Велигден и на крај е ставен првиот ден од Рамазан Бајрам или, едноставно, Голем Бајрам. Што значи дека на овој ден ќе се вее знамето во Тетово и за Албанците и за Турците и за Македонците и за сите. Во Тетово и во Кочани и сите тие нема да работат тој ден. Ќе празнуваат заедно со муслиманите. Истото ќе го направат муслиманите за Божиќ и за Велигден. Ова е едноставно објаснување.

Вториот дел од неработни денови ќе биде Малиот Бајрам или пак Курбан Бајрам, првиот ден за муслиманската вероисповест ќе биде неработен ден.

Исто така, неработен ден ќе биде и 22 Ноември Ден на Албанската азбука, на кој ден Албанскиот народ ќе празнува за својата писменост, да launch речеме.

Зошто го направи ова господинот Рафис Алити јас не знам, нека објасни самиот.

Од друга страна ние сме во Владата околу 112 денови. Вие бевте 4 години. Помножено со 365 денови се 1450 денови. Значи, ние, за 112 денови ги поставивме овие празници во законски рамки и во државни рамки. Вие, за 1450 денови ниту ги спомнавте.

Што е најлошо од сето тоа, празникот на Албанското образование го одбележавте овде, во Скопје. Во Битола не отидовте. Додека пак ние го ставаме како празнување на Албанската јавност во сите албански места како значаен ден. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник господин Кондарко Борис. Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потчитуван потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Денеска, на предлог на Владата и на предлог на ВМРО-ДПМНЕ , на најголемата владеачка партија расправаме за Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за празниците во Република Македонија.

На почетокот, навистина, на човек му доаѓа да каже дека нема коментар во однос на ваквиот потег или ваквиот предлог на Владата. Меѓутоа, после првичното немање на коментар, јас можам да кажам дека едноставно не ми се верува дека Владата се решава за еден ваков потег, дека ова е еден од приоритетите на Република Македонија, како што се вели во образложението на Владата и на министерот и тоа, замислете, за хармонизација со европското законодавство. Значи, исполнување на условите за полноправно членство во Европската Унија.

Не ми се верува затоа што, ако ние, во Република Македонија, не велам само Владата, велам ние, ги решивме сите проблеми, па зарем ни останаа уште празниците да ги хармонизираме и готово, да влеземе во Европската Унија? Навистина не ми се верува, затоа што не е за верување кога Владата едно говори а друго прави. Така на пример, дека ќе ги решава проблемите на стечајците, на земјоделците, социјалата итн. итн, за кои ништо не е направено. Тука се и многуте изборни ветувања.

Не ми се верува затоа што, ајде за оние кои не се вработени, кои не може Владата да ги вработи и за оние социјалци на кои Владата не може да им ги подобри условите за живот, не може да создаде услови ни на вработените, да ја зајакне економијата и да им ги зголеми пралтите. Напротив, на некои им ги намалуваше платите, на пример на здравствените работници.

И сега, во една таква ситуација, кога приоритет над приоритетите ни е економијата, да живееме подобро, луѓето да имаат по 100 или по 200 евра поголеми плати, а не да ни се смеат дека сме најслабо платени во целокупните бившо Југословенски простори, Владата се занимава со закон за измена на празниците.

Значи, покрај економијата, за која што Владата велеше дека и е приоритет, велеше исто така дека и е приоритет одбраната, безбедноста, борбата против криминалот, против корупцијата. Наспроти тоа на премиерот му се случува и на Владата "големиот транспорт" на оружје, се разбира.

Исто така, наместо да ги решава проблемите со криминалот, со шверцот, со корупцијата, со економијата, како што зборев пред малку, премиерот на Владата се грижи тука, од собраниската говорница ни кажува дека е загрижен дека Ташковиќ и Самак ќе банкротирале, па затоа мора да им ги плаќа кредитите. И, ги реши проблемите на сите граѓани на целата социјала, па сега ќе им ги решава проблемите на Самак и на Ташковиќ и ќе ни предлага закон за измена на празниците.

(дофрлање од место дека тоа не е тема на дискусијата)

Да, да на темата сум колега.

Почитувани пратеници,

Не е воопшто спорно дека сите предложени датуми како предлог за државни празници во овој текст на законот имаат свое значење. Некои историско, некои верско значење. И треба да има и добро е да има и верски празници кои ќе бидат државни празници.

Меѓутоа, дали треба да се озаконат и да се прогласат за државни празници токму сега или токму овие празници или можеби некои други датуми?

Понатаму, дали и на колку од граѓаните, дали Владата има таква анализа, наведените предлози им се познати или колкав дел од граѓаните го знаат поширокото значење или вистинското значење на предложените датуми.

Понатаму, кога ВМРО-ДПМНЕ беше во опозиција се залагаше за намалување на празниците колку што можеме да се присетиме, односно намалување на неработните денови. И зошто сега ги зголемува неработните денови? Велеа дека многу се празнува, дека треба повеќе да се работи, дека ако работиме повеќе ќе ни тргне подобро, дека ќе бидеме богати, дека економијата ќе биде појака, и затоа не ни се потребни нови државни празници. Сега кога дојдоа на власт го прават токму спротивното, па дури и министерот како претставник на Владата во своето образложение вели дека: "Македонија по бројот на празниците се наоѓа на долниот дел на лествицата на бројот на неработни денови на европските и други држави". Ако е тоа опбразложение покрај онаа хармонизација со европското законодавство тогаш е навистина е јако образложението на Владата нема што, за да на крајот на образложението самиот претставник на Владата во име на Владата изјавува дека со овој закон не е целта да се зголемат бројот на неработните денови, а претходно го употребува истиот аргумент како образложение. Навистина противречно, навистина не ми се верува и немам коментар.

Понатаму, ако навистина Владата имаше искрени намери или сериозни намери, а не само намера да протурка нешто за кое подоцна ќе говорам подетално, зошто не спроведе една подготвителна расправа, јавна дебата во Република Македонија, па да се види кои се вистинските очекувања на сите граѓани и за историските и за верските празници, нормално од сите етнички заедници. Зошто не беа консултирани експерти, зошто не беа консултирани институции на пример како што е Институтот за национална историја итн, академици, професори и обични граѓани. Значи, впечаток е дека од една страна Владата намерно и не сакаше да има претходна дебата, претпоставувам јавноста да биде неспремна или помалку подготвена, медиумите помалку да коментираат и целата оваа работа побрзо и побезболно да помине во јавноста. А ВМРО-ДПМНЕ да си добие свој партиско-државен празник.

Од друга страна веројатно Владата популистички со цел да се додвори, да задоволи или да опфати што поголем број на граѓани мислејќи дека ќе направи нешто добро, всушност паѓа во стапицата и со огромен ризик не водејќи сметка дека со ваквите измени на Законот за празници се предизвикуваат дополнителни поделби кај народот. Затоа Владата прави грешка. Оние кои постојано кога беа опозиција прикажуваајќи се како дежурни патриоти, не повикуваа на единство, на помирување и на обединување сега всушност не делат по најразлични основи и притоа поигруваајќи се и мешајќи ги чувствата на граѓаните, историски и верски чувства. Тоа е грешката на Владата. Ова на Република Македонија сега во овој момент е најмалце потребно, ваква дебата. Па, дури и да може да се свати, па дури и може да се свати ние од опозицијата можеме да разбереме дека позадината на целиот овој галиматијас што го предизвикува Владата е со цел во морето на различни датуми во Предлогот на овие измени на Законот за празници да се протне нешто и да се овозможи ВМРО-ДПМНЕ да си добие свој партиски и државен празник кој се разбира ќе биде задолжителен, кој ќе се озакони и ќе го слави целата држава и уште ќе ни дадат еден ден

како неработен како гратис, при тоа да се лича и велича ликот и делото на премиерот или на неговото височество премиерот и се разбира ВМРО-ДПМНЕ да си има свој партиски празник прогласен како неработен ден.

Понатаму, јас навистина сакам и мислам дека нема Македонец, не само во Република Македонија туку и надвор од Република Македонија, без оглед на која политичка партија припаѓа, што не му значат 4-те свети букви ВМРО од Македонската револуционерна историја и дека треба тие историски свети букви да се заштитат со Закон. И тоа е добро. Но, дали од морален, од историски аспект е добро една политичка партија во Република Македонија да го содржи при тоа и самото историско име ВМРО. И зошто една политичка партија во Република Македонија која го содржи ова име би имала свој државен или партиски празник воедно. Работите навистина можат да забегаат или веќе започнуваат да забегуваат. Вака испаѓа дека за ДПМНЕ важи една дифиниција од едни минати времиње и дека правото и законот е волја на владеачката класа, ова го кажав во една прилика, издигната на степен на закон или со други зборови дека почнува ВМРО-ДПМНЕ да го спроведува својот добро познат или своите добро познати манири на апсулутистичко владеење едноставно си прават што сакаат со државата.

Ова се огледа не само во овој Закон за празниците, туку во многу други секојдневни постапки. Така на пример во Буџетот Владата предвиде пари за изградба на споменик на жртвите на комунизмот, а гледаме дека со измените на Законот за празниците ВМРО-ДПМНЕ се однесува бетер од комунистички. Зошто во Буџетот кога предвидувате ставки за вакви споменици не предвидете и пари за изгерадба на споминек на жртвите од врховизмот. Ова го говорам затоа што многу добро знаете дека жртвите на врховизмот биле токму вистинските македонски патриоти, истакнатите членови на ВМРО. Не знам кој е критериумот некој денес да се нарекува или да биде ВМРО, или која е поврзаноста со она вистинското, исконското, патриотското, македонското ВМРО од пред 100 и повеќе години. Зарем мислите дека ние, дека опозицијата, дека ние останатите Македонци освен вас избраните патриоти помалку ни значи, или помалку го сакаме ВМРО. Па и јас сум за ВМРО, и СДСМ е за ВМРО, меѓутоа за она вистинското, историско, патриотско ВМРО. Ние секогаш, секаде и по секој повод чествуваме, иг чествувавме жртвите, вистинските македонски патриоти кои го дале животот за Македонија и нивното револуционерно дело. Значи, жртвите на ВМРО, оние вистински македонски дејци и херои, меѓутоа никогаш нема да се поклониме пред партискиот олтер на ДПМНЕ или на ВМРО-ДПМНЕ, бидјеќи многу ви значи така да ве нарекуваат.

Ова што го правите е лошо за Република Македонија. Го делите народот, а не го обединувате. Ја мешате историјата со дневната политика и партиските интереси со патриотизмот. Се сеќаваме сите дека во 90-те години тогашната опозиција или ВМРО-ДПМНЕ велеше дека СДСМ си го препишува на себе дека наводно е државотворна партија. Се разбира дека тоа беше вадено од контекст во дневната политика користено за партиски инетереси, се разбира дека тоа не е така, државотворци се сите партии, сите граѓани, сите заедници во Република Македонија подеднакво. Тогаш така велевте за СДСМ тогаш што да речеме ние денес за ВМРО. Што е ова што го прави ВМРО-ДПМНЕ со празниците, Луј 14, државата тоа сум јас. Така испаѓа.

Оваа Влада е легална и легитимно избрана од граѓаните на Република Македонија на демократски избори, но тоа не значи дека ако ја имате власта дека можете да правите што сакате со државата, па и со празниците.

За ДПМНЕ гласале околу триста и нешто илјади гласачи на последните избори и вие сте добиле со тоа мнозинство пратеници во Парламентот и сте формирале Влада, меѓутоа, вашата Влада не владее само за себе, не владее само за тие триста и нешто илјади што гласале на изборите за вас, па дури и самите тие гласачи не ви го дале тоа и такво право. Што е со интересите на останатите 1.450.000 гласачи во Македонија кои гласале за други политички партии кои можеби и не гласале. И тоа е демократско право и тоа е начин на некој начин изјаснување. Што е со нивнитге интереси, дали мислите и заборавивте, дека тие не ви се битни и дека поминаа изборите и дека не треба да ги застапувате нивните интереси како граѓани на Република Македонија. Владата на Република Македонија е една за сите, но за жал не е еднаква спрема сите и треба да внимава многу какви потези ќе превзема во иднина, да не го дели македонскиот нарот, затоа што во експозето се вели дека со ова се придонесува за уште една поголема меѓуетничка толеранција и почит во однос на празниците и другите вероипосести. Да, меѓуетничка во ред, реков на почетокот треба да има и такви државни празници, верски празници за сите заедници, сето тоа е во ред, меѓутоа вие сакајќи да постигнете меѓуетничка толеранција вие правите интраетничка нетолеранција, го делите македонскиот народ. Тоа е многу лошо за Република Македонија и не можете во иднина да се прикажувате како патриоти, а да правите вакви потези. Значи вие, мнозинството, Владата на Република Македонија сте ја земале одговорноста за оваа држава и мора да се однесувате одговорно кон Република Македонија, а не диктаторски и апсолутистички. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Молам дали некој од пријавените е за реплика.

Се извинувам има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупчо Мешков:** Реков јас и во уводното излагање дека првенствено е пред се да се зголеми бројот на деновите во кои ќе се празнуваат одредени значајни датуми и за

претставниците на вероисповеста и за државата. Во членот 2 со кој се дополнува членот 4 има повеќе нови празници за кои што не се преместуваат ако паднат во недела или во неработен ден не се пренесуваат за неработен ден. Значи во пракса може да се случи и да не се оствари она што како статистика го кажав дека е толку зголемен бројот на неработни денови.

Многу често се споменува дека се зголемува бројот на неработни денови, што е лошо за економијата на една држава, посебно на Република Македонија. Ќе споменам само на пример, Германија и Италија кои што имаат повеќе од нас неработни денови, па сепак продуктивноста и економијата таму е добра, не е падната, но ако така се мислело тогаш како на пример на претходната власт не им текна да ги укинат сите празници и Република Македонија економски да ојакне и продуктивноста во Република Македонија да порасне драстично, ако е тоа причината за продуктивноста и за економскиот развој.

Ако го погледенте постојниот закон ќе видите дека во верските празници имаше само два за припадниците на христијанската вероисповест, Божиќ и вториот ден на Велигден. Сега некој аргументи ако бара може да каже дали овој Закон не значеше ограничување на верските слободи односно на можноста припадниците на одредена вероисповеста да имаат повеќе време за своите верски потреби за задоволување. Значи, зборот ми беше дека апсолутно сметавме како Влада дека потребно беше во однос на постојниот Закон да се зголеми бројот на празничните денови, а зошто токму овие реков зошто токму тие и дека тоа што за неколку дена ќе се зголемат неработните денови мислам дека тоа не е првенствената причина заради која што ако ги нема тие денови да бидат работни дека економската состојба во Република Македонија ќе биде подобра, туку таа не треба да се подобри на друг начин и со дргуи средства, а не преку тие 2 или 3 неработни денови.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со реплика на пратеникот Борис Кондарко.

Има збор пратеникот Анета Стефанова, повелете.

**Анета Стефанова:** Благодарам.

Господине Кондарко, премиерот до сега е најдобар од сите премиери што досега се избрани во Република Македонија. Тоа го покажуваат анкетите. Ако вие вака продолжите нема ни 2% да котирате, ни 0,2% нема да котирате во јавноста со ваквите ваши дискусии.

Што се однесува за оружјето излеговте надвор од диксусијата од она што е предмет на расправа. Вие добро знаете и ние и целата јавност и за оружјето и за дрогата, но бидејќи тоа не е тема тука нема да одговорам, туку ќе кажам дека ќе има добра правна разврска за сето тоа и ќе видите кој е замешан со оружјето и со дрогата.

Трето, она што се однесува до прашањето зошто го носиме законот кога ние сме ориентирани за економски развој одговорот е, како што кажа и почитуваниот министер усогласување и хармонизација на законодавството на Република Македонија со законите во Европа. Во таа насока го доставуваме и овој Закон на предлог.

Зошто 23 октомври? Добро е да се прославува 11 октомври, 23 октомври, бидејќи 23 октомври е еден од најголемите настани во историјата на Македонија, ден на Македонската револуционерна борба, ден кога започна да се остварува сонот и вековниот копнеж на Македонскиот народ за својват слобода и државност. 23 октомври е ден кога е основана Македонската револуционерна организација односно Маедонскиот револуционерен комитет и претставува почеток на организираното македонско револуционерно движење за ослободување на Македонија и за создавање на самостојна и независна македонска држава и затоа тоа треба сите да го почитуваме. Навистина вие ова треба да го прифатите како и сите ние доколку имате малку националност во себе и почит кон македонската држава. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Колешке навистина никој подобро не го бранел премиерот и не го фалел од Зоран Ставревски кога кажа како покасно од него го гаснел светлото во канцаларија.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со распава.

Има збор пратеникот Мустафа Неждет, повелете.

**Неждет Мустафа:** Господине потпретседателе, драги мои пријатели пратеници, почитуван министре,

Дозволете ми денес да се обратам токму од оваа говорница затоа што сметам дека дојдов во овој величествен дом на величение, затоа што мојата совест не ми остава друг избор освен реално и вистинито да ги застапувам интересите на ромскиот народ.

Од досегашните дискусии имав можност да слушнам интересни предлози за одбележување на празниците од политички, социолошки, историски и етнички одбележја. Сето тоа искрено ме восхитува. Но, сметам дека за значењето на донесуањето на овој Предлог закон на Законот за празниците дефакто е остварување на ветувањата на демократијата во Репулбика Македонија.

Почитувани колеги ние имавме искуство во минатото, а и сегашноста дека поделбата на заедниците е рак на политичко тело кое мора да се отстрани пред нашата демократија, демократско здружување и мора да се надминува. Овој закон е добра шанса за полагање на овој историски испит за Репулбика Македонија. Сметам дека Законот за празниците може релаксирано да ја доведе Репулбика Македонија во остварување на гласот на заедниците.

Ромите во Македонија како една од ретките држави во Европа почнаа да чувствуваат и да знаат кои се. Македонските роми се протагонисти на најтрадиционалните цивилизирани идеи во

остварување на нивните права. Како инспиратори за ромите во Европа 8-ми април е исклучително важен историски ден, а исклучително важна шанса Македонија да биде прва држава која ќе го слави како национален ден, односно празник на ромите во Репулбика Македонија. Во тој однос би сакал да ве известам дека токму и улогата на Ромскиот европски форум во Советот на Европа на 12 декември 2006 година во присуство на многу повеќе претставници од Ромите една од поважните одлуки која што е донесена, донесена е одлуката 8 април да биде официјален празник на Ромите во цела Европа. Во тој контекст навистина би сакал да се потсетиме на 1971 година, година кога во Лондон се собраа протагонисти од цела Европа да говорат и да размислат за темелните вредности на Ромите. На овој многу значаен конгрес на Ромите покрај учеството на познатиот светски артист Јул Бринер, познатите политички имиња Гратан Фуксон, Јан Цигула, Доналд Хембрик, нашиот пратеник Фаик Абди, првиот автор на ромската граматика Шаип Јусуф, ги удрија темелите и вредностите на ромите во однос на нивниот национален идентитет, фолклор, јазик, и традиција. Во оваа далечна 1971 година почитувани колеги протагонистите роми донесоа одлука за едно единствено знаме на ромите во целиот свет и 8 април да биде официјален меѓународен ден на ромите, ден кога може да се слави идентитетот на ромите, ден кога може да се воздигне културата, јазикот и традициите на овој народ. Во тој контекст сметам дека сега е време да се ослободиме од поделбите и чувствата на дискриминација и дека сега е време кога овој закон може да испрати дипломатски сигнали дека Македонија е подготвена да ги надминува своите проблеми во однос на заедниците и нивните традиции.

Почитуван министре, би сакал да ве известам дека 8 април е многу важен датум за ромите како космополити кои го потврдуваат својот национален идентитет, култура, јазик и традициите. Тој ден е ден на израз на умор кон својата историја на прогонство. Ромскиот народ, односно етнос не дозволува повеќе да се врати историјата назад. Во тој контекст сметам дека значењето на Собранието на Репулбика Македонија и улогата на пратенците да го прифати овој предлог кој е изразен преку амандман. Јас навистина очекувам една силна поддршка да се овозможи и ромската заедница во Репулбика Македонија да има свој официјален ден, ден кога може да го слави своето величествение, ден кога генерациите можат да се потсетат на својата историја и да го потврдат својот национален идентитет. Рековме дека македонските Роми се протагонистите и инспираторите на ромите низ целиот свет. Потврдивме дека Репулбика Македонија тоа умее да го направи и потврдивме дека Македонија има слух за потребите на ромската заедница. Сметам дека и овој пат Репулбика Македонија односно оваа историска шанса на овој состав на пратеници ќе даде целосна поддршка единствениот празник да се слави и да биде официјален национален празник на ромите.

Би сакал да ве потсетам дека 1997 година на првиот мој мандат како градоначалник на локалната самоуправа Шуто Оризари уште тогаш со тогашниот состав на советници рековме дека една од првите заложби на таа локална самоуправа е да го официјализира 8 април како официјален ден, празник на таа локална самоуправа, односно на локалната самоуправа Шуто Оризари. Сметам дека тие искуства и Собранието на Репулбика Македонија ќе ги прифати и ќе им направиме една вистинска радост на ромите во Репулбика Македонија.

На крај сметам дека празниците на заедниците не смеат да бидат поразени, или понижувани и во тој поглед ја очекувам вашата целосна поддршка во однос на мојот амандман за 8 април да стане национален ден на ромската заедница во Репулбика Македонија.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Мери Младеновска Георгиевска.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин министер, колеги пратеници,

Кога се донесува нов закон, или кога се изменува, или дополнува некој закон потребно е да се постигнат некакви цели со тие измени, или пак со тој нов закон. Значи, нешто што ќе се постигне. И затоа Владата, не само оваа, туку и секоја влада кога предлага некаков акт треба добро да ги образложи причините, но и целта што ќе се постигне со измените и дополнувањата. Во овој случај со законот за празниците јас навистина не гледам цел. Не можам ни да оценам, ниту пак гледам дека е насочен кон промовирање на десничарски политики, имајќи ја предвид структурата и политичката провиниенција на Владата, ниту пак овие измени и дополнувања значат јакнење на мултиетничноста, а најмалку значат приближување кон законодавството на Европска унија. Ова последното најмногу што би можело да биде е повод, или уште повеќе изговор за измени, никако причина за измени и дополнување на законот. Разликата помеѓу поводот и причините им е многу позната на историчарите, нема тоа да го објаснувам, а верувам дека е позната и на колегите пратеници.

Анализата на законодавствата во Европска унија во однос на празниците покажува дека во земјите во Европа има најразлични решенија. Сето ова не води до заклучокот дека за некои прашања навистина не можат да се изградат идентични решенија. И токму Европа ги промовира и традицијата и историјата и културата како вредности во Европа за кои се грижи. Токму заради тоа има и различни решенија, во една земја се празнува еден празник, во друга земја се празнува друг празник. Па дури акогi видиме овие измени и дополнувања на Законот за празниците на Репулбика Македонија ќе видиме дека се воведуваат празници кои не се празнуваат никаде во Европа. Ако се криеме зад европските

стандарди, тогаш навистина треба да покажеме што правиме. Единствено како прашања за поврзување со некакви европски стандарди може да се каже и тоа не целосно дека е бришењето на 2 јануари како неработен ден и на 2 мај. Но, дали е тоа така, дали и ова е европски стандард? Анализата покажува дека не е. Ова може само да се толкува како фрустрација на Владата, повеќе зборувам за фрустрација кога мислам на празнувањето на 2 мај, бидејќи Словенија веќе две ипол години е членка на Европска унија, но таму се празнува 2 мај. Значи, Словенија не ги брише своите традиции, нема фрустрации од минатото од тоа што претставува интерес, па дури и навика на граѓаните и на својата држава. Исто така, анализата покажува дека во Романија која што пред десетина дена е членка на Европска унија се слави 2 јануари како неработен ден. Значи земја членка на Европска унија го прославува 2 јануари.

Во многу земји различен е бројот на празниците, некаде е 10-тина, некаде помалку од десетина, некаде нешто повеќе. Но, навистина освен 1 јануари и во католичките земји денот Божиќ 25 декември не гледам никаде истоветни празници. Некаде се празнува денот на жетвата, на пример како во Австрија, некаде не се празнува, некаде имаме неработни денови и 24 декември, значи ден пред Божиќ и 25, некаде два дена се прославува Божиќ, некаде само еден ден се прославува, некаде се прославува 6 јануари, некаде не се прославува, значи разликите се огромни. Сите овие земји верувам дека кога ги дефинирале празниците не тргнувале од ставовите на некоја Влада, туку од интересите и од навиките на своите граѓани. Да речеме во Белгија се прославува 11 јуни денот на таткото, во други земји не се прославува, некаде се прославува дури и Свети Никола во некои земји, тоа е повторно во Белгија, па реков некаде под 15, некаде под 10 е бројот на празниците што се прославуват и не треба да се држиме до деновите. И овде Европа покажува дека нема стандард наспроти она што Владата го кажа дека досега сме имале малку празници, па сега интересот е да го зголемиме тој број, но подоцна ќе зборувам околу бројот на празниците и што во суштина значи тоа ако гледаме само како бројка. Некаде се прославува како во Холандија денот на мајката 14 мај, некаде не се прославува. Во Холандија се прославува и 8 јули денот на хомосексуалците, па тоа не ги инспирирало другите држави да го воведат тоа како празник, веројатно Холандија и по други некои стандарди околу оваа сфера има различни навики, различно законодавство. Не гледам причина ако се тргне по тоа еве и овие прашања Владата да ги разгледувала, меѓутоа еве не го направила тоа. Реков некаде се слави и Бадник и Божиќ и втор ден Божиќ, како што е на пример во Чешката Република, а некаде како во Естонија само Божиќ и вториот ден на Божиќ, не се слави Бадник, па во земјите што се кралства се прославува роденденот на кралот како што е Норвешка, значи и тука се земаат во предвид спецификите на земјата, па некаде се прославува Велики Петок и Велигден и прв ден и втор ден на Велигден, некаде се прославува празникот на жетвата што го спомнав, во Австрија еден ден, некаде два дена како што е во Холандија, во Полска се прославува 1април, тоа не е случај со другите земји. Ја споменав Романија со два дена за Нова година, во Словачка 6 јануари се прославува како празник итн. Значи не ми е целта да ја читам оваа анализа што ја имам пред мене, туку само да посочам дека во однос на празниците нема европски стандард. Владата кога во своето образложение наведува дека со овој закон ќе се усогласи нашето законодавство со законодавството на Европска унија, тоа го користи само како изговор. Јас верувам дека и кај нас ако се прашаат граѓаните на Репулбика Македонија освен членовите на Владата, а верувам дека на истите членови, никој друг не би гласал за ваквите измени, освен парламентарното мнозинство овде во Парламентот бидејќи ќе гласа по директива на Владата. Дури и ако тие денови што сега се прославуваат ги замениме со некои други и зголемени по број. Едноставно се работи за традиција. Тоа граѓаните во Репулбика Македонија знаат да го почитуваат, за жал повеќе и од претставниците на власта. Но, оваа Влада мисли дека светот почнува од неа, дека се што мисли Владата, членовите на Владата треба да мислат и граѓаните. Но, тоа е најголемата заблуда што верувам дека и во иднина ќе се покаже. Затоа, јас овој закон не го поддржувам на начинот како што е дефиниран во оваа постапка. Направен е само како став на Комисија, но во образложението на законот не е наведено ниту колкав е бројот на членовите на таа комисија, ниту кои се тие членови, барем ценејќи го авторитетот, или угледот за што претпоставувам дека би требало да го имаат членовите на Комисијата, би биле инспирирани малку повеќе да размислиме за предложеното решение. Повеќе ова ми личи на некоја директива, на став што Владата го наметнала на Комисијата, сметајќи дека ќе може своите ставови да ги задскрие преку Комисијата чиј став наводно застапува Владата, или чиј став пренесува во форма на законски акт. Но, на Владата тоа не и е важно, не е важно за Владата тоа што Законот не е изготвен на транспарентен начин што ќе значи поголема анализа со учество на лица кои ќе го претставуваат, се разбира владиниот но и граѓанскиот сектор. Затоа сметам дека дури на Владата не и е сосема јасно што предлага, или не на сите членови на Владата, како што спомнав и пред малку. Но, важно е што мисли премиерот за ова прашање, дали тој одлучил дека овој закон треба да добие зелено светло нормално како претседател на Владата и претседател на ВМРО ДПМНЕ, но овој манир на Владата веќе стана карактеристика на Владата.

Јас исто така не гледам дека овој закон ја јакне и мултиетничноста, туку сметам дека законот ги зголемува разликите повторно и за оние припадници на заедници кои своите интереси не ги гледаат во ова предложено решение за што

зборуваше и колегата Неждет Мустафа. Ние треба да ја јакнеме мултиетничноста. Јас се залагам за тоа но тоа да го правиме навистински начин, а не само со препишување на фрази и тоа најмалку пак во образложение на законски текстови што се доставуваат во Парламентот. Но, не мислам дека мултиетничноста се јакне со октроирани предлози на Владата како што е овој случај кои немаат поддршка од вас, од граѓаните. Но, тоа не се случува првпат. Функционирањето на оваа Влада го покажа тоа, па дури се покажува и незадоволството на граѓаните од неколку такви октруирани предлози на Владата како што беше работното време исто под изговор за европско законодавство, незадоволството на граѓаните е евидентно. Но, сметам дека и овде требаше некои други предуслови да се исполнат за да може и таа формална повиканост кон Европа да се реализира. Тука е прашањето за платежната картичка дури и за која што нема формален акт бидејќи Владата е свесна дека немала можност тоа да го направи во правно релевантна и правно валидна би рекла форма.За уставните измени пак да не зборувам, дури тоа што мене ме плаши е стравот на заинтересираните јавно да проговорат за ова, да го кажат својот став, па затоа сме сведоци на една агресивна медиумска кампања во која Владата вклучува и наводни писма на лица што се од сферата на образованието. Зачи, до тој степен се оди со цел да се покаже дека еве, голем е бројот на лицата што ја поддржуваат Владата во ставовите. По однос на празниците не прочитав некое такво писмо од граѓанин испратено до медиумите во кое се поддржува овој закон што не значи дека Владата можеби нема да го направи во наредниот период, но доволно ги оценивме постапките на Владата во однос на ова прашање во во изминатиот период.

Сите ние го очекуваме тоа што Владата го ветува дека и ќе го реализира, па и опозицијата, бидејќи и ние сме граѓани на оваа држава и ние имаме интерес нашите граѓани да живеат подобро. Секако се што ќе биде во интерес на граѓаните, ќе биде поддржано.

Владата се повикуваше, повикувајќи се на прашањето на економијата, како недоволно застапено во програмите на претходните влади, ни најавува дека нешто ќе направи во сферата на економијата, но навистина со предлозите што ги имаме овде, не гледам дека нешто правиме во сферата на економијата. Напротив, и она што Владата го затече во добра состојба, тоа се меѓуетничките односи, прашањата за безбедноста, мислам дека и тоа се разградува. Но, јас кажав и по повод друга точка овде во Парламентот. За жал тоа што ние овде го чувствуваме, кога ќе го почувствуваат граѓаните веќе ќе биде доцна. Значи Владата го разградува и тоа што го затекла. Јас би сакала да грешам, но навистина во моментот немам аргументи за мои поинакви ставови.

Кога сме кај Владата и начинот на кој работи Владата, навистина со целата постапка по однос на овој закон, Владата по незнам кој пат ја негира конзистентноста на своите ставови. Мислам дека е крајно време да направи ревидирање на овој свој начин на работа, бидејќи на тој начин директно влијае врз динамиката на работата во Парламентот. Тоа само ја потврдува хаотичноста во ставовите, но и во степенувањето на приоритетите на Владата, постојано ги менува ставовите. Имавме редица закони кои во една форма беа испратени во Парламентот за потоа да се направат измени и тоа суштински измени, со дополнително доставување на амандмани, па сега и за овој закон имавме предлог на Владата што веќе со месеци стои овде во Парламентот, иако Владата беше свесна, знаеше за ставовите на опозицијата, а опозицијата не ги штити своите интереси, туку ги штити интересите на граѓаните кои гласале за пратеници на опопзицијата. Владата имаше можност да го повлече законот, да одлучи дали овој закон ќе оди само во една постапка, меѓутоа до овој момент Владата тоа не го направи, дури гледаме вчера под притисок на опозицијата, но врз основа на целината на аргументите што стојат на страната на опозицијата, продолжи оваа расправа, со цел да видиме како ќе заврши, во овој момент не знаеме дали ќе заврши постапката на овој начин во скратена постапка, или пак овој Предлог за донесување на закон со Предлог на закон ќе оди во една фаза, што апсолутно и нас како пратеници не донесува во една незавидна положба да не можеме да зборуваме соодветно на онаа форма на закон што ни е доставена. Затоа мислам дека крајно време е Владата да го ревидира својот начин на работа и од еден стил на однесување и еден стил на владеење, да внесе малку повеќе разум. Но до сега наместо владеење со разум, гледаме исклучиво владеење со парите или преку парите. Тоа Владата го покажува и со закупувањето на страници од печатените медиуми во кои се обраќа со најразлични форми на потреба, најповеќе за вработување или друга пропаганда која ја користи за својата работа, со цел да не биде критикувана, бидејќи власта и прашањето за политиката најчесто се застапени на првите страници од медиумите. Но, тука се и паричните средства со кои се промовираат работи како што е овој пропаганден материјал што ВМРО-ДПМНЕ го отпечати уште пред овие измени и дополнувања на Законот, да се преточат во законски одредби, кога влегоа во процедура каде се велича името на Тодор Александров. Значи тоа е тоа што го работи Владата.

И покрај интересот Владата да биде свесна за ова, го слушаме премиерот дека опозицијата ги кочи реформите. Но и тоа право на опозицијата ќе биде одземено со новиот деловник кој во јануари месец ќе биде донесен во Собранието. Значи не е битно што ќе се случува овде во Парламентот, битно е дека премиерот смета дека деловникот треба да се донесе во јануари месец и дека со тоа ќе се затвори опозицијата односно ќе се одземе збор на опозицијата. Јас тука би го поставила прашањето, дали власта знае што знаи тоа парламентарна демократија. Пратениците од

опозицијата овде не ги застапуваат своите интереси. Дали Владата смета дека во име на 303 иљади гласачи на ВМРО-ДПМНЕ, наспроти 1.707.000 избирачи колку што има во избирачкиот список, власта може да прави што сака. Каде се гласовите на граѓаните што го дале својот глас за партии од опозицијата, 217 иљади за СДСМ со своите коалициони партнери и за другите и дали власта смета дека само тие околу 303 иљади гласови што ја поддржле Владата и овозможуваат на Владата да прави што сака и дека не смее да се слшне што размислува опозицијата. Па каде се наоѓаме? Мислам дека навистина е крајно време власта да си го постави ова прашање за да може власта да ја откочи работата во Парламентот, да најде соодветен начин на контакт со опозицијата. Нема да зборувам како работеше претходната Влада, но зад претходната Влада, зад претходното парламентарно мнозинство стојат донесени законски проекти. Во голем број случаи со 2/3 гласање се гласаше овде во Парламентот. Но Владата не сака вакви работи. Едноставно смета дека на тој начин со јака медиумска кампања ќе успее да ги убеди граѓаните дека опозицијата ги кочи реформите. Одговорноста за тоа што се случува во Република Македонија, после 5 јули, ја има оваа Влада и токму затоа треба да направи нешто за да се реализира тоа што е во интерес на граѓаните.

Со овој закон за празници, измени и дополнувања на Законот за празниците, сметам дека ќе се наметнат како празници денови кои нема да значат празнување во Република Македонија, туку само ќе значат неработење во Република Македонија. Не е проблемот во деновите, колку ќе има работни или неработни денови, за тоа зборуваше и министерот, но јас сакам и нему да му го појаснам ставот на опозицијата. Ние немаме против зголемениот број на неработни денови, туку кои ќе бидат тие неработни денови, што ќе се празнува.

Мислам дека прашање на кое треба да поработи Владата и прашање на кое треба да обрне внимание е како се користи работното време, колку се работи во текот на работното време, но исто така како се почитуваат правата на граѓаните кога во одредени ситуации, особено кај приватници, се работи повеќе од полното работно време предвидено со Закон. Дали кога не треба да се работи, се работи и обратно, каква е праксата? Тоа го кажувам затоа што е многу важно почитувањето на законите и почитувањето на правата на работниците, што се регулирани во законите. Само со предвидувањето на неработни денови, со изговор, се покриваат тука некои верски празници, но мислам дека основната интенција беше 23 октомври, содржано и во овој пропаганден материјал, Владата нема да постигне ништо, а Република Македонија нема да се приближи кон Европската унија и на крајот ќе се зголемат разликите кои мислам, ако постојано се зголемуваат во одреден момент ќе достигнат и точка која ќе биде навистина многу голема. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика има госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници,

Внимателно ја слушав мојата ценета колешка Младеновска, иако нејзината дискусија повеќе ми одговараше на дебата за Влада кога расправаме, отколку за едно законско решение, меѓутоа, тоа е избор на пратеникот. Во меѓу редови кажа и неколку зборови за законот кој е тема денес.

Сега јас имам тука неколку делови кои морам да ги расчистам.

Прво, колешка рековте дека законот немал ни причини ни цел поради кои се донесува. Јас имам добиено Предлог на закон, исто како и вие, во писмена форма, во онаа редовна процедура и во мојот Предлог има и причини и цел на законот. Претпоставувам и верувам дека и вашиот примерок е ист како и мојот, затоа што нема посебни примероци за опозиција и за власта, само требало да ги прочитате.

Понатаму, рековте дека со овој закон не се јакне мултиетничноста.

Ако во законски предлог во кој предлагате, со сета почит на традицијата на сите заедници кои живеат во Македонија предлагате празници да се празнуваат и да се почитуваат и ги подигате на ниво на државен празник, или на празник и ги внесувате во закон што е правично решение, јас не знам со што друго ќе покажете дека сакате да градите едно мултиетничко општество, ако не со вакво законско решение, почитувајќи ги традициите и празниците на сите заедници во државата. Значи јас јасно и прецизно гледам дека се почитува мултиетничноста на нашето општество, со овој закон и ја зајакнуваме со овој закон.

На крајот би сакала, навистина да ви реплицирам за опструиран предлог.

Колешке и вие и јас сме правници и опструиран предлог е кога владарот донесува закон за народот и притоа не прашува никого. Ние овде расправаме по предлог на Влада која е колективно тело, доставен до Собрание кое е највисок законодавен дом и кој низ оваа расправа треба да ги расчисти работите околу законот и да гласа за законот. Значи со полн легитимитет. Јас и вие сме избрани на избори. Значи потполно легитимно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика госпоѓа Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** За причините и целта говорев во моето обрзложение во однос на законот и разликите ги спомнав меѓу поводот и причините. Историчарите го разбираат тоа добро и нема да зборувам.

Во однос на мултиетничноста, жал ми е ако колешката Лалчевска го пропуштила говорот на колегата Неждет Мустафа, но мислам дека во таа дискусија можеа да се најдат аргументи во прилог на мојата дискусија дека овој закон не значи јакнење на мултиетничноста.

Во однос на опструираноста, стојам зад тоа што го спомнав. Владата се однесува токму така како Влада во вистинска смисла.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеникот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе.

На колешката Мери Младеновска Ѓорѓиевска би сакал да и реплицирам во три сегменти од нејзиното излагање.

Најпрвин би сакал да кажам во поглед на празниците кои таа ги спомна, а тоа е за Нова Година и за Први Мај.

Факт е дека во 2005 година, според сите информации што ги имаме ние кај нас, празникот Нова Година, 1 и 2 јануари се празнува само во седум земји во светот, додека во 220 земји во светот се празнува само 1 јануари. Во тие седум земји кои го празнуваат и 1 и 2 јануари, тука спаѓа и Македонија, меѓутоа тука е и Романија, како што кажа колешката Младеновска.

Празникот 1 и 2 Мај се празнува само во седум земји во светот. Меѓу нив точно е и Македонија, а го празнува и Словенија. Меѓутоа во 160 земји не се празнувал и 1 и 2 Мај, туку се празнува само 1 Мај.

По однос на тоа која е целта за донесување на еден таков закон да кажам дека секој закон кој се донесува или се изменува има своја причина и це. Која е причината?

Јас сметам дека овде се работи за една политичка промена, во поглед на растењето на националното чувство во Македонија. Имено до 1990 година Македонија беше во склопот на СФРЈ и во тоа време имавме еднопартиски систем. Во тој систем постоеше една нетолеранција на верските чувства на граѓаните во СФРЈ, па оттука и во Република Македонија. Меѓутоа после 1990 година, со воведувањето на повекепартискиот систем во државата на површина почнаа да излегуваат верските чувства. Од таму сега со оваа измена на Законот, имаме вметнато неколку празници од кои шест се верски празници, а само два се историски празници. Тоа се 23 октомври и 8 декември. Значи секоја земја си има своја демократија која се развива, таа не е статична величина. Од тука имаме и навики за да се издвојат некои денови да бидат празнични денови во таа држава, меѓутоа имаме и одвики. На пример во едно време го славевме 29 и 30 ноември, во СФРЈ. Сега овој празник не го славиме, меѓутоа славиме други празници кои се од интерес на нашата нација.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика Мери Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Јас спомнав дека традицијата е вредност што се негува во Европа, се вреднуваат и разликите и токму во име на тие разлики ќе спомнам дека 7 јануари како Божиќ не се слави во 160 земји, па тоа не е причина ние како Република Македонија да не го славиме, тргнувајќи од нашата традиција, религијата и тн. Тоа е тоа што треба да се цени, а не на поинаков начин да се оценуваат работите кои ќе не доведат до поголеми разлики.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Јас ќе се осврнам на три сегменти од излагањето на госпоѓа Младеновска, а тоа е пред се околу поводот и причината, традицијата, историјата и културата и на крајот она што го слушнавме од Европската унија.

Поводот и причината нормално е дека треба да постојат затоа што овој Предлог на закон кој треба да го донесеме, треба да има една рамка во која нормално ќе влезат и оние измени кои треба да настанат, како би биле и како што кажа и самата таа, компатибилни.

Од тредицијата, ќе кажам, зарем не е традиција Христовото раѓање да се празнува. Зарем не е традиција Христовото воскресение да се празнува, зарем не е традиција Водици да се празнува. Тие се најголемите празници во христијанството кои мораме да ги празнуваме и каде секој Христијанин во тие денови би сакал да има можност да се помоли пред Бога.

Она другото од историјата, ќе напомнам само околу 23 октомври. Најверојатно многу малку имаат познавање затоа што за нив е достапна само одредена литература, литература која е склона на нив. Ќе кажам дека името на ВМРО е длабоко врежано во свеста на народот, во народното памтење. Со тоа име се водела македонската Национално ослободителна борба до победничкиот крај за создавање на нашата сегашна самостојна и суверене Република Македонија.

Во најсудбоносните моменти од својата историја македонскиот народ единствениот спас го гледал во ВМРО, во нејзината моќ, во незината сила, во нејзината програмска определба. Јас ќе напомнам дека овде се работи за организација, ВМРО како организација, не како политичка партија. Треба да се прават некои динстикции. Така што би ве замолил во иднина да ги разбирате овие работи.

Се изнаслушавме за она што се празници во Европа, па дури и геј ситуации. Сето тоа е во ред. Нека го предложат тие. Ние сме десно ориентирани и не знам дали ќе го прифатиме. Можеби сето тоа е можно и добро и е во ред од госпоѓа Мери Младеновска и да се очекува таква работа. Но јас ќе напомнам едно: во нејзиното излагање имаше и не ги бришеше своите истории и флустрации. Јас ќе напомнам само дека госпоѓо вашиот говор токму личеше на еден екс министер. Можеби ја погрешивте темата. И ќе завршам со последната реченица што ја употреби таа. Добро е што премиерот мисли, а јас ќе додадам, затоа што тие пред него не мислеа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Младеновска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Јас напомнав дека не е проблемот во зголемувањето на бројот

на денови кои што ќе се празнуваат. Но дали е тоа врз основа на општ консензус. Врз основа на поддршка од базата. Тоа што ние секојдневно го слушаме и за тоа што реагира базата, што гласала и за опозицијата го покажува токму спротивното. Исто така, тука е прашањето за укинувањето на 2-ри мај, што навистина значи само флустрација на власта, ништо друго.

**Иван Анастасовски:** Последен за реплика од три минути е пратеникот Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Апропо дискусиите на почитуваната колешка Мери Младеновска Ѓорѓиевска, буквално не бомбардира со нив и ќе треба да расчистиме од кои причини. Разликата меѓу сите земји кои што ги спомнаа во нивниот корпус празници и разликата со која што денес се соочуваме во сите овие земји нема флустрации. Во однос на своите национални истории и празнувањето на своите светли денови од историјата. Овде очигледно, имаме друг пример. Очигледни фрустрации и одредено адолесцентско однесување, незрело според сопствената историја. За да не остане содржината на дискусијата на почитуваната колешка незавршена или селективна, спомна десетици земји од кои што еве само Словенија ќе ја прочитаме со сите нејзини празници да видиме како се инкорпорирале со колку празници, во кои што не го гледаме само 1-ви и 2-ри мај. А во името на вистината од сите земји кои што почитуваната колешка ги спомна, Русија и Словенија го слават и 1-ви и 2-ри мај. Другите земји што ги спомна не го слават 2-ри мај. Словенија ги слави и 1-ви и 2-ри јануари, но го слави и 8-ми февруари, како ден на својата културност, тоа е Прешернов ден. Го слави Велигден, три дена од Велигден, го слави 27-ми април ден против окупаторот, 1-ви и 2-ри мај им е празник на трудот, 25 јуни им е ден на дражавноста. Значи, прокламирање на независноста од 1991 година. 15-ти август го слават како многу други земји, ден на Успението на Пресвета Богородица, 17-ти август им е ден на здружување на прекуморските Словенци со матичната земја, после Првата светска војна. 15-ти септември е ден на враќање на приморските Словенци кон матичната татковина. 31-ви октомври им е ден на реформацијата, 1-ви ноември како и кај нас со Предлог законот, како и во повеќето земји што ги спомна почитуваната колешка, ден во спомен на мртвите или ден на сите свети. 23-ти ноември во чест на историските моменти на Словенците, ден на Рудолф Бајцер, 25-ти декември Божиќ и 26-ти декември ден на независноста или прокламирањето на референдумското изјаснување за независност на Словенија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Гледам дека колегите од опозицијата имаат некои анализи, но мислам дека ќе беше подобро ако ги споделеа со Владата, можеби ќе имавме тогаш подобар предлог, па и предлог по кој што ќе се размислуваше, како што спомнав претходно, а и тие што реплицираа го кажаа тоа во однос на денот на хомосексуалците, па вие добивте повеќе гласови. Можеби и ако се тргне од тоа, можеби некој хомосексуалец ќе гласал за вас, отколку за нас. Имате обврска и затоа не размислувате.

**Иван Анастасовски:** Колешке Мери ама сте агресивни на оваа тема.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеникот госпоѓа Роза Топузова Каревска. Таа не е присутна во салата.

Има збор пратеникот господин Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Почитувани колешки и колеги, почитуван министер,

Денес пред нас имаме закон кој што навистина заслужува должно внимание и јас веднаш од старт ќе кажам дека не се согласувам со ставовите кои беа искажани дека на овој начин се одоговлекуваат парламентарните процедури, односно дека се губи драгоцено време. Јас мислам дека ова е еден од законите за кои што треба да се дискутира и за кои што треба да се спротивставаат и мислењата, затоа што на крајот на краиштата секој ден не се обзнануваат државни празници. Секој ден не се зборува за празници кои ја означуваат и државата и луѓето кои што живеат во неа. И уште повеќе што работата и на Владата и на Парламентот не е само во еден сегмент, туку значи уредување на се она што се вика живот на граѓаните.

Во таа насока би сакал најпрвин да се осврнам, односно да подискутирам и да полемизирам со некои од тезите кои што беа искажани. Она што би сакал да го искажам како афирмативно, е пред се Предлогот за воведувањето на трите нови државни празници, од кои што за два практично гледам дека нема спорни моменти, односно не беа дискутирани од опозицијата, а тоа се празникот на Свети Климент Охридски, 8-ми декември и празникот на Светите Кирил и Методија 24-ти мај. И навистина ми е мило што не слушнавме посериозни аргументи во насока на тоа дека овие два дена не треба да бидат државни празници, заради тоа што практично се работи за нашите апостоли, за луѓето кои ја создадоа писменоста и кои што практично ја проширија во целиот славјански свет и на тоа треба да сме пред се, горди како нација, како земја која што ги дала тие свети луѓе, а исто така да станеме дел од она што се нарекува славјански свет кој што ги празнува и чевствува и кој што исто така ги предвидел како државни празници. Тоа досега веќе го има направено Бугарија и за Свети Климент Охридски и за Свети Кирил и Методиј. Истото се случува и во Русија и се надевам дека ова е добар поттик и за другите славјански земји.

Третиот празник е 23-ти октомври. Ќе ми дозволите малку подоцна да дискутирам, заради тоа што има најмногу дилеми тука. Она што исто така, би сакал да го кажам афирмативно по однос на Предлог законот е тоа што ние прв пат

воведуваме поголем степен на празници што ќе ни донесат барем јас лично се надевам, дека ќе ни донесат поголема верска толеранција. Од многу едноставна причина што се зголемува бројот на празници, што ги празнуваат не само православните што се најмногу во оваа држава, туку исто така и Муслиманите, а тука го имаме и празникот на Евреите, како една заедница што не е многу бројна во Република Македонија, која што самата по себе значајна и исто така зголемувањето на бројот на Христијаните кои што се од католичка вероисповед.

Во таа насока мислам дека се многу значајни дискусиите кои што ги имаа и ги имаат колегите од помалите етнички заедници, заради тоа што треба да се слушнат и нивните аргументи, треба да се слушне и нивното мислење и во насока на амандманите кои што ги имаат поднесено, еве во општата дискусија да ги слушнеме аргументите, за да можеме после тоа да размислиме можеби и за посериозна поддршка на она што се нивни амандмани, се со цел на претставување на Република Македонија во нејзината вистинска слика, односно во нејзината вистинска разноликост, заради тоа што празниците можат само да не доближуваат, а не да не оддалечуваат.

Во насока на тоа доближување би сакал да зборувам за 23-ти октомври. Практично тоа е државниот празник што е предложен, за кој што се отвори најголема дискусија и денес од опозицијата и во јавноста. На почетокот, она што би сакал да го кажам, сметам дека празниците треба да ги зближуваат луѓето, односно да ги обединуваат луѓето. Можеби најдобар начин да се направи тоа е заеднички да погледнеме кон некои датуми, односно заеднички да се осврнеме кон некои датуми. За жал, во историјата на Македонија постојат бројни поделби, постојат поделби на луѓе кои што имале еден сон и идеал, луѓе кои имале друг сон и идеал. Го имате тоа уште во ВМРО пред повеќе од двете светски војни. Во текот на Втората светска војна, во комунистичкиот период ако сакате го имаме и денес. Но она што треба да е и сон и идеал на новата генерација е она што се вика национално помирување, односно национално единство. Секоја држава која што сака да чекори напред, односно секоја држава која што сака од минатото да ги влече само позитивните работи, односно минатото да не ја оптоварува, да е енергија, да е духот што ќе ја движи напред, мора да се соочи со сопствената историја и уште повеќе може да размислува за националното помирување, мора да размислува за еден поглед на нејзината историја која што би била прифатлива за што поголем број луѓе, или не е прифатлива да се прифатат барем разликите што постоеле помеѓу различните групации кои што веруваат во едно или во друго. Она што може да претставува 23-ти октомври би сакал сега да осврнам 23-ти октомври може да биде денот на нашето спојување, односно да биде денот каде што сите граѓани на Република Македонија ќе се соединуваат во една точка заради тоа што тоа е денот кога започнала револуционерната борба односно е денот кога започнува да работи организацијата која што најзначајно успеала да ги организира луѓето кои што живееле на овие простори. Значи не велам дека е единснтвена, не валам дека немало други организации но историските факти говорат дека тоа е организацијата која што успеала на најзначаен начин со најмногу вклучени граѓани кои што живееле во Македонија да се организира и да ја поведе борбата за ослободување најпрвин против турската империја, а потоа против трите држави кои што ја поделуваат односно го распарчуваат ткивото на Македонија. И во таа насока кога говориме за соништа кога говориме за идеали јас би сакал да проговорам за 23-ти октомври како идеал, како ден, се надевам во оваа 2007 година кога борците и оние кои што претходно се бореле во ВМРО помеѓу двете светски војни оние малку кои што останаа ќе седнат, ќе изиграат една партија шах и  заеднички ќе проговорат за она што се викало нивно време, за нивниот идеал и за нивната борба без разлика колку се согласувале или не се согласувале во тоа.

Кога зборувам за  за 23- октомври зборувам за она што не успеавме да го направиме во текот на комунистичкиот период, за она што не успеавме да го направивме на почетокот на 90-тите години и за тоа можеме да обвинуваме секого. Но факт е дека не го направивме, а тоа е дека не успеавме да ги рехабилитираме луѓето кои што се бореле за Македонија на еден, друг или трет начин, не успеавме да дадеме должна благодарност на луѓето кои што застанале зад оваа држава и зад своите идеали на еден друг, или трет начин. И заради тоа што нема погрешно време за големи дела и за големи идеали, јас би сакал да ве повикам да 23-ти октомври не го гледаме како ден ВМРО-ДПМНЕ туку да го гледаме како ден на Македонија заради тоа што само на овој начин само прифатен како државен празник 23-ти октомври може да биде повеќе од дена на ВМРО-ДПМНЕ. Само прифатен како празник кој што го празнуваат сите граЃани на Република Македонија 23-ти октомври може да биде прифатен како ден кој што не припаѓа ексклузивно на ВМРО-ДПМНЕ или на другите партии кои што го носат тој предзнак туку припаѓа на сите граѓани на Република Македонија. Ова е најубавиот начин да овој празник го изгуби монополот за кој што реферирале колегите од СДСМ ова е најубавиот начин ВМРО да го добие историското место односно да го добие местото кое што заслужува и да биде ден на национално помилување кое што успеаја да го направат и Германците и Полјаците кои што дури и Србите нашите соседи се обидуваат да го направат, кое што се обидуваат да го направат и Хрватите навистина  со големи тешкотии, но исто така треба и ние да тргнеме по тој пат и конечно заради нас самите да гледаме кон иднината, не кон минатото, да се согласиме околу датумот кој што ќе не спојува сите нас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Госпоѓа Топузова вие се јавивте за реплика или за збор. Добро тогаш продолжуваме.

Има збор Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас ќе се обидам бидејќи мислам дека многу непродуктивна расправа се води и сосема измислена од потребата за законот, да бидам дециден како размислувам по овој закон и ќе го замолам министерот Мешков ако може од тоа да го извлече позитивното од тоа што го предлагам да не бара зла волја.

Прво, јас мислам дека законот треба да постои. Не е точно дека некој се сетил сега. Видете го законот кога е донесен, кој празници ќе бидат вметнати, во кој период ќе стане јасно и мислам дека во законот има некои идеи кои се вредни за потчит за да се донесе законот. Сум еден од оние кој што мисли дека треба заради тоа што има идеи кои не треба да се во законот, да се донесе во две фази.

Она што мислам дека добрата волја на законот го искомпромитирала законот, е фактот дека во него се вметнати работи кои што апсолутно мислам дека според моите сфаќања се надвор од времето кое доаѓа и во кое живееме. Да спомнам неколку примери кои беа спомнати зошто мислам. Мислам на пример дека некои добри идеи во законот, околу прогласувањето на 24-ти мај за денот на словенските просветители за државен празник, па за верските празници проширувањето на Божиќ и кон Бадник се добри, племенити идеи, меѓутоа, мислам дека законот се искомпромитира од други идеи внатре. И како таков треба да оди во втора фаза и да се пречисти. Во тие вторите без да елаборирам долго, затоа што почнува погрешно да се сфаќа спаѓа и денот, т.н. ден на македонската револуционерна борба, да се установи како таков, тоа е 23-ти октомври. Мислам дека апсолутно мотивите се партиски и тоа тесно партиски и не ги образложувал, затоа што тоа предизвикува емоции во Парламентот. Исто така мислам дека со верските празници, Македонија ќе оди во сосема друга крајност. Да поедноставиме што сака законот да ни донесе. Сака да ни донесе два дена празнување на Исусовото раѓање, два дена празнување на Исусовото воскреснување, еден ден празнување на Исусовото крстење, тоа е овде ставено како Водици, па понатаму 28-ми август Успение на Пресвета Богородица, па Задушница, мислам дека верските празници се повеќе од доминантни и тоа во нето сооднос. Ако законот го земеме како што е предложен два празника се укинуваат, девет нови се празнуваат, воведува седум нето работни денови нови, што мислам дека е непотребно. Јас мислам дека законот треба да се рационализира и да се најде таму каде што му е местото.

Меѓутоа, она што сакам да го кажам не произлегува од овој закон, но со оглед дека Владата уште од самото нејзино, како што некој спомна формирање, по мене е прилично непристојно и со нарушување на угледот на МПЦ, отиде да се заблагодари премиерот после изборот за поддршката што ја добива од МПЦ. Значи, се обиде да ја офарба МПЦ. Сега јас би предложил да почне да се размислува за нешто друго. Македонија е една од последните две држави кои претендираат да влезат во Европската унија, а кој го немаат усогласено на верско ниво, не на државно ниво календарот. Ние останавме, ако ја исклучиме Русија, која не претендира да влезе во Европската унија барем засега, единствено со Србија која претендира да влезе, не знам каков е случајот со Црна Гора, и тие имаа проблеми со црквата, меѓутоа, останавме единствените на кој буквално ни се пореметени празниците државни, затоа што црквата не го прифатила т.н. Грегоријански календар. Сега што се случува. Цела Европа, вклучувајќи ја и православна Европа, Грција, Бугарија, Романија, значајни држави кои граничат со нас го празнуваат Божиќ тогаш кога се родил, затоа што научно е докажано дека не е роден на 7-ми јануари, туку е роден на 25-ти декември. Тоа црквата мора да го прифати, затоа што реформата на нашите празници ќе не одалечат, дополнителни денови од Европската унија и од развиениот свет.

Цел свет почнува на 24 декември да ги слави, таканаречени новогодишно-божиќни, а кај нив божиќно-новогодишни по редоследот и завршува некаде на 2, 3 јануари, а кај нас е сосема обратно. Ние почнуваме на 1 и завршуваме, вклучувајќи ги оние луди идеи за стари и нови години дури на 14-ти. Правиме еден гаф, јас помеѓу нашето и прославувањето во Европа кое се протега цели три недели. Јас мислам дека главната реформа на празниците треба да се сведе на тоа Владата и Македонската православна црква да се притисне да ја изведат сопствената реформа, да го прифатат Грегоријанскиот календар да можеме и ние како и сите други Божиќ да го славиме на датумот кога треба да се слави, да се поместат верските празници, да се усогласиме со Европската унија и тоа ќе биде, длабоко сум уверен, десет пати повеќе продуктивно за македонската држава, економија и интеграција отколку ова што го правиме да ги поместуваме уште понатаму празниците, вклучувајќи го сега и 19 јануари како Богојавление односно Водици.

Мислам дека Владата кај верските празници пристапила со еден степен на волунтаризам, овде слушнавме многу аргументи, се напишаа по весници и по стручни кругови дополнителни аргументи дека се избрани празници кои волунтаристички се избрани и она што мене ми пречи мислам дека бројот на верските празници над државните е премногу за Македонија особено како мултиверска заедница затоа што гледате во членот 2 став 2 има уште нови неработни денови за припадниците на верските заедници дополнително Курбан Бајрам прв ден, дополнително 22 Ноември ден на Албанска азбука кој не е верски празник, па првиот ден на Јон Кипур за Еврејската заедница и дополнително

по Грегоријанскиот календар католичките празници што мислам дека создава една ситуација во која македонското општество мултиетничко ќе има многу мал број денови во кои сите заедно работат. Се некој нешто слави.

Затоа би апелирал да оди во две фази, а во меѓувреме, не мислам дека се мешаме во работата на Црквата, меѓутоа, можеме да апелираме дека треба да си го прифатат Грегоријанскиот календар со што ќе овозможат Македонија да се осовремени. Сега ние како државни празници робуваме на нешто што заостанало кај црквата и тоа меѓу неколкуте последни во Европа, со оглед дека сите други си отидоа напред. Не може никој да ме увери дека тука црквата ќе направи грешка затоа што слушам кои се нивните аргументи и апсолутно не можам да слушнам кои се аргументите зошто освен некоја тврдокорност да не се промени тоа. Тоа многу повеќе ќе ја олесни позицијата на Македонија во овие празници, но едноставно ќе го прифатиме како што е во сите други кои го прифатиле календарот славењето на Божиќ со Новогодишните празници, тоа е главниот пакет на празници, а за другите кажав дека некои од нив треба да отпаднат.

Второ, сакам да изразам загриженост јавно за тоа што го соопшти претседателот на Собранието во расправата за карактерот на Република Македонија дали е или не е секуларна држава. Дури во овој момент внимателно го слушав и размислував, мислам дека не беше лапсус како што беше кажано, туку се работи за сериозно и длабоко неприфаќање или непознавање на уставните принципи на Република Македонија и мислам дека тоа не треба така да се случи.

На крај да се придружам на она што мислам дека не треба да се расправа, меѓутоа, очигледно зафаќа голем дел од расправата, ќе употребам една минута, редно е да се престане да се копа таму каде никој нема потреба да копа. Во Република Македонија светлите страници на историјата ги има испишано една иста линија. Тоа не се две различни линии кои некој сака да ги прикаже во Парламентот дека постоеле комити и дека постоеле партизани и дека едните и другите биле спротивставени. Сосема обратно. Комитите и партизаните се една иста линија на македонското национално движење кое потекнува од 19 век и кое финишира на 2 Август 1944 година и не е случајно во историјата гледајте како се викаат партизанските одреди. Зошто партизанскиот одред од Прилеп се викал Гоце Делчев, зошто оној во Крушево се викал Питу Гули, зошто оној во Битола се викал Даме Груев и тн., затоа што тоа била една иста линија и сега ние сакаме со сила да направиме дека тоа биле две линии, па дај сега постхумно да го отвориме, без потреба, тој пакет. Затоа мислам дека се тие најнепотребни дискусии, едноставно наместо да не водат во прав правец не враќаат таму каде тие што биле учесници во тоа го решиле на подобар начин. Не случајно е избран 2 август. На сите ни е јасно дека можело да биде на 31 јули, на 3 август или на 4, избрале 2 со цел да се покаже континуитетот на македонската историја и сега таа линија сакаме да ја поделиме, а од тоа немаме никаква потреба.

Да повторам господине министре, мојот став е дека овој закон треба да се донесе, Собранието има различни приоритети, има време и за економија и за политика и за евроинтеграции, сите закони се потребни затоа постојат и неекономски ресори, дека законот треба да оди во две фази, дека законот треба да се дезиологизира од една партија која сака да ја идеологизира традицијата на празниците во Република Македонија и дека треба да се ослободи од премногу верски пристап во законот. Балансот се изместува сосема непотребно и да го повторам она што мислам дека е најважно, Владата да ги искористи, како што самата соопштува, добрите релации со МПЦ да ја убеди да ја воведе Македонија во редот на нациите кои гледаат попрактично на работите, а некои се укопани во традиција која не оддалечува од Европа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Само две реченици за да нема забуни.

Јас потполно ја разбрав поентата на господинот Поповски, тој се заложи за примена наместо на Православниот на Грегоријанскиот календар во поглед на празниците што тој ги спомна, меѓутоа, мора да знаеме дека сепак тоа е прашање на црквата, не е прашање на државата и Владата во тој поглед не би можела да има влијание преку закони да го наложи. Сепак е тоа црковно прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме со реплики.

За реплика е пријавен Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван потпретседателе, репликата се однесува на предлогот на колегата Поповски за прифаќање на Грегоријанскиот календар. Мислам дека прифаќањето на Грегоријанскиот календар во овој момент за Македонската православна црква би било погубно со оглед на ситуацијата во која се наоѓа нашата црква. Тоа би се искористило од останатиот православен свет да каже дека ете МПЦ застранува од православните обичаи. Не е точно дека другите земји ги слават празниците по Грегоријанскиот календар освен Божиќ, бидејќи Велигден сите православни земји го славата по Јулијанскиот календар.

Со прифаќањето на Јулијанскиот календар сите православни цркви имаат многу внатрешни проблеми одвојување на одредени групи кои остануваат да ги слават православните празници по Јулијанскиот календар и како што напомнав во оваа ситуација кога веќе имаме реални проблеми со одвојување на одредени групи од Македонската православна црква мислам дека би

било погубно прифаќањето на Грегоријанскиот календар, а и народот во сите анкети е против измената на празниците односно против славењето на нашите најсветли празници по Грегоријанскиот календар.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас ниту мислев дека во Македонија ќе постои консензус за ова особено што ги слушам надлежните од МПЦ дека се многу упорни на тоа, се плашат од промени. Главниот аргумент и на МПЦ е како тоа народот ќе го прифати. Народот ќе го прифати така како МПЦ ќе одлучи. За година, две, пет, Македонија ќе се построи таму каде развиена Европа е сега. Да не заборавиме дека одиме кон Европската унија, а таму сите православни држави го имаат Грегоријанскиот календар и дека сите слават последните две недели во декември, а ние славиме првите две недели во јануари. Најголемиот блок црковно-државен кој во светот постои се додека размислуваме дека не треба никакви промени, ќе останеме таму каде што сме ортодоксни, изворни, нетрансформирани, никакви. Меѓутоа, тоа е прашање на црквата, за жал. Кога јас би се прашувал би направил тоа што го зборувам, меѓутоа, сега само апелирам Црквата да го направи тоа да ни помогне на нас како државни органи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе, во врска со изјавата на господинот Поповски дека верските празници се празнуваат и тие дека не се спорни со овие предлог на измени во Законот за празници на Република Македонија, би сакал да реплицирам дека фактички најголемиот празник, верски празник на христијаните во Република Македонија тоа е Велигден, не се празнува два дена, туку се празнува 4 дена. Тоа е значи најголем празник, затоа што Велигден секогаш паѓа во недела, недела и пред тоа е неработен ден. А Велигден нема фиксен датум кога се паѓа. Датумот на Велигден е секогаш променлив, тој мора да биде во недела, тоа е првиот услов.

Второ мора да биде кога има полна месечина и трето да биде поврзано со еврејскиот празник Пасха.

Со овој предлог, ако го изгласаме законот, да се празнува и Велики петок, времето кога е распнат Исус Христос, петок, сабота, недела и кога се празнува нормално како и досега вториот ден од празникот Велигден. Значи, вие би имале четири дена празнување за Велигден а не два дена како што рече господинот Поповски. Значи, два работни дена и два неработни дена, бидејќи се работи за викенд.

Во поглед на Грегоријанскиот и Јулијанскиот календар. Мислам дека овде има простор да се разговара, да се размислува. Мислам дека МПЦ треба да размисли дали да го прифати Грегоријанскиот календар, затоа што веќе ние имаме искуство да некои православни земји како што се да речеме Бугарија и Грција кои го слават Божиќ на 25 декември. И се е добро, се е нормално, така да овие божиќни празници, новогодишни празници ги поврзуваат.

Во поглед на неговото излагање, значи за празникот 23 октомври, според мене не смее никој во државата Македонија, никој овој празник да си го присвои, ниту ВРМО-ДПМНЕ, ниту СДСМ. Затоа што тој ден е празник на сите македонци во Република Македонија и тие што живеат надвор од Република Македонија. Затоа што тој ден е ден кога е формирана Македонската револуционерна организација. И бидејќи сите се слагаме дека 2 Август, односно Илинден е голем празник, признаен празник за македонската држава, сигурно дека првиот од 1890 година до 1903 година, значи времето од формирањето до Илинденското востание, значи тој период од десет години бил клучен период во создавањето, организирањето, набавување на оружје, на муниција за едно такво големо востание како што било Илинденското востание. И затоа мислам дека никој не треба да го иритира ниту да го фрустрира ако 23 октомври биде ден на македонската национална борба. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Пачемски.

Контра реплика господинот Никола Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Господине Пачемски не се работи за никаква фрустрација. Се работи за рационално размислување. Историската ТМРО, па ВМРО, па ВМРО една, друга, трета, четврта и така натаму е формирана и го доживеала својот врв на 2 Август. Значи, целите за кои се нешто направило се прославуваат на 2 Август. На 2 Август се прославува уште нешто од институционална гледна точка, уште поважно. Формирањето на Македонија, како резултат на некоја друга, а не на таа партија. И ако бараме за истата работа да се слави и почетокот и крајот е непринципиелно, затоа што и за други работи ќе може да размислуваме. 11 Октомвриското востание и 2 Август 1944 АСНОМ, се направени од едно друго движење, кое не било ВМРО, туку било комунистичкото движење. Е, сега паралелата ќе биде, ај кога таа партија се формирала. И затоа мислам дека треба да ги славиме датумите кои нешто направиле, а не датумите кога нешто се почнало да се размислува. Не се работи за никаква фрустрација, се работи едноставно за рационализирање на целата работа.

**Бесим Догани:** Благодарам. Продолжуваме понатаму. Збор има пратеникот Зашов Благој. Повелете.

**Благој Зашов:** Господине потпреседателе, дали можеби треба некоја пауза, бидејќи го нема министерот. Јас би сакал да го сослуша она што сакам да го кажам.

**Бесим Догани:** Во ред, министерот е тука, ако сакате може да земеме пет минути пауза, додека се врати. Или да го повикаме, ако не ви пречи.

Добро, пет минути пауза додека се врати министерот.

(Пауза од 17,00 до 17,06 часот).

По паузата.

Повелете господине Зашов.

**Благој Зашов:** Благодарам господине потпреседателе, господине министре, колеги пратеници.

Веднаш да кажам дека учествувајќи во дискусијата околу предлогот на Владата за изменување на постојниот закон за празниците на Република Македонија можеби ќе покренам дискусии за прашања кои го надминуваат контекстот на овој Предлог на закон, прашања од световен, но и религиозен карактер, национални прашања, меѓуетнички, меѓуконфесионални прашања.

Целта не ми е во Собранието да се отвори историска расправа за тоа дали овој или оној световен или црковен празник е поважен од другиот за да биде прогласен за официјален празник.

Целта ми е да се согледа дека со Предлогот за изменување на постојниот закон за празниците на Република Македонија непотребно се отвора една тема од економски и политички аспект, многу значаен момент за Македонија. Тема која непотребно одзема драгоцено време во работата на Собранието предизвикува дополнителни блокади во неопходно потребните економски, судски и политички реформи на патот на Македонија кон Европската унија.

Мислам дека ќе се согласите дека празниците во една држава не се воспоставуваат за да бидат само неработни денови за оние кои работат иако и самиот факт што државата утврдува кога и колку нема да се работи во текот на годината е многу значајно од секој аспект.

Секој празник одделно кој е предложен да се празнува и со него нешто да се слави побудува размуслување дали тој воопшто треба да се слави, дали поводот е толку силен што со закон треба да се регулира дека нема да се работи на денот кога истиот паѓа.

Празниците во секоја држава по правило имаат национален, религиозен или историски карактер. Тие главно се празнуваат за целата држава, но ги има и оние кои се празнуваат само од една религиозна група, од еден град или од припадници на одделни занаети.

Старите Грци славеле 4 празници во текот на годината. Сите тие давале чувство на единство на Грчката раса. Во Рим т.н. јавни празници празнувани од државата имале посебен политички карактер. Тие биле посветени на создавањето на Римската држава, на Ромул и Рем и на другите заштитници, Јануа, Јупитер, Марс и Циринос. Потоа започнале да се празнуваат и други нешта.

Ова го спомнувам само за да потсетам дека темата е многу стара. Подоцна ќе зборувам за празниците во европските земји и посебно за празниците кај нашите соседи. Националните празници во смисла на државни празници треба да ги празнуваат сите. Тие по правило се во неработни денови и на нив се одржуваат манифестации поврзани со поводот на нивното славење, потсетување на дел од историјата, на Уставот, на минатото кое послужило за утврдување на основите на сегашната држава.

Во унитарни држави државните празници се празнуваат од сите граѓани на тие држави. При тоа се истакнуваат знамиња на целата територија на државата, се организираат свечени академии, на разни начини се одбележуваат во институциите на државата, во Армијата, во училиштата. Знамиња можат да се видат и на голем број приватни куќи.

Колку ова доследно се почитува во Македонија кога ги празнуваме со закон утврдените постојни државни празници 2 Август-Илинден, 8 Септември-Денот на независноста или 11 Октомври-Денот на востанието, тоа сите го знаеме и не би сакал во оваа приллика да го коментирам. Тоа е однос кон еден закон на државата, како што е и односот при почитувањето на другите закони, за даноци, за прекршоци, за образование и др. Но овој однос кон законот за празниците е и нешто повеќе.

Македонија е унитарна, но општеството е мултилатерално, мултиконфесионално. Најголемиот дел од Македонците државјани од македонска националност се православни. Православни има и од другите националности, Срби, Власи, Роми и др. Околу 33% од Македонското население е со муслиманска вероисповед. Меѓу нив најголемиот број се Македонци и Албанци, потоа македонски Турци, Роми, Бошњаци, како и македонски муслимани.

Република Македонија е држава на Македонскиот народ како и на деловите на другите народи кои живеат во нејзините граници. Токму заради тоа што најголемиот број граѓани на Република Македонија се претставници на Македонскиот народ, а имајќи го предвид историскиот развој на борбата на овој народ за формирање на држава, логично е што државните празници и другите празници и празниците за припадниците на православната вероисповест се доминантни во Република Македонија. Овие празници се и неработни денови за целата администрација, што е исто така логично, зашто ако мнозинството во една држава не работи, и малцинството национално, религиозно, исто така не работи.

За религиозното муслиманско и еврејско малцинство со постојниот Закон се предвидува празнување на посебни празници, првиот ден на Рамазан Бајрам и првиот ден на Курбан Бајрам, како и Јом Кипур, кои се неработни за муслиманите и евреите. Другите граѓани за време на тие празници работат.

Со Предлогот за изменување на Законот за празници на Република Македонија, комплетно би се сменила сегашната ситуација. Со него се предлага бројот и видот на празниците енормно да се зголеми. Но да видиме што значи тоа да се празнува, како порано луѓето празнувале, како е тоа во европските земји, кои би биле последиците од евентуалното усвојување на овој закон и дали може да се стори нешто друго, да се прифати некој вид компромис.

Празнувањето е состојба кога еден човек или еден народ треба да се чувствува среќен, задоволен. Се празнува нешто убаво, не се празнува нешто наметнато. Празникот е ден поврзан со потребата на поединецот или национален колективитет да одбележи некој настан, раѓање или смрт на некоја личност, белег на држава, нација, јазик или друга општествена категорија. Празникот во определени случаи значи престанок со работа на денот кога нешто се слави. Има празници кои се фиксирани според деновите во неделата и годината и други кои се календарски фиксирани на определени датуми во годината. Има државни и религиозни празници. Државните се фиксни и се утврдуваат со нормативен акт. Религиозните можат да бидат фиксни и мобилни. Мобилните се востановуваат сспоред празникот Велигден кој се менува според месечината.

Во Европа според религиска припадност постојат христијански, муслимански и еврејски празници, потоа празници посветени на живите и празници посветени на мртвите, празници за светците од религијата, световни празници и други религиозни празници. Потоа постојат празници на централно ниво и локални празници, празници од прв ред и празници од втор ред, оние што стриктно се почитуваат и оние кои се препорачуваат. Не е добро еден празник да се наметнува со закон. Законот се донесува за да се валоризира со правна норма некој празник кој веќе постои и кој народот сака да го празнува, односно има потреба да го празнува вклучително и неодејќи на работа.

Во празнувањето треба да се запрашаме на што ќе дадеме предност, на државата или на црквата, на нацијата или на економијата. Празниците можат да бидат лични, фамилијарни, национални и државни. Празникот треба да биде и потреба на човекот, на една нација не само за да не работи, туку и да даде почит некому, на некој историски настан вткаен во минатото на неговиот народ. Празниците треба да зближуваат, а не да раздвојуваат.

Во едно мултикултурно општество ако државата со закон санкционира што ќе се празнува а што не, може да доведе до подвојување на различните делови на општеството. Иако државата ја има улогата на регулатор на општествените појави, таа не мора да кажува што ќе се слави, а што не. Може некој празник да се празнува иако денот е работен.

Порано луѓето празниците ги утврдувале преку црквата. Не се работело за да се има време да подготвиш што се е потребно за празнувањето. Во празнувањето треба да се има задоволство. Не празнуваат само оние кои се во работен однос, треба да празнуваат и оние кои немаат работа. Но дали и за нив празникот би значел задоволство кога немајќи работа немаат од што да живеат. Порано за време на празниците оние кои имале давале на оние кои немале. Тоа и сега го има особено кај муслиманите, но со многу помал обем.

Празникот е и состојба на духот, задоволство во животот, одбележување на нешто добро, свето, традиционално. А, за тоа треба и материјални добра, можност нешто да се прослави со другарите, со пријателите, со граѓаните, со сонародниците. А, каква е моменталната состојба, економска состојба на Република Македонија? Дали е таква што сега треба одеднаш да воведеме толку нови државни празници или други неработни денови поврзани со религиските групи и со национална припадност?

Празникот значи и човек да застане за момент, да се сврти назад и да каже колку постигнал и дали е задоволен од постигнатото. Празникот треба да даде и чувство на сплотеност во семејството, во општеството во државата во која живее. Мудреците рекле дека нема добар празник без утрешниот. Да празнуваш, значи да се забавуваш, да им се препуштиш на задоволството.

Дали е моментот во Македонија токму сега да се воведат задолжителни празници како неработни денови за да луѓето се забавуваат, да се препуштаат на задоволствата?

Доколку овој нов закон сепак се донесе, во што и верувам дека ќе се стори тоа, како и многу други по кусо време, ќе мора да се менува. Но, тој е специфичен, затоа што ако државата санкционира, утврдува еднаш еден ден во годината како неработен, многу е потешко подоцна да се врати како работен. Или, поинаку кажано, полесно е работен ден да прогласиш за неработен, отколку обратно.

Затоа, ова е материја со која што не треба да се брза. Ова е материја во која што државата, во најмала рака, мора да биде внимателна.

Утврдувајќи некој празник за едни, повлекува барање за празнување како неработен и за нечиј друг празник. Не треба да заборавиме дека празниците се резултат и на традицијата. Порано, религијата била таа што определувала кој ден ќе се работи, кој не. Тоа го чинела, покрај другото и за да ги собере луѓето во црквите, во џамиите, во синагогите. Така настанале не само празниците во текот на годината, туку и денот недела, како ден во една седмица кога луѓето имале потреба да одмараат. Тоа, дополнително го презела државата, ја прогласила неделата како неработен ден, потоа и саботата, за да можат луѓето да се посветат и на други нешта на задоволства во животот, а не само на работа.

Државата, како и црквата, добила желба и потреба да прославува и нешто друго од она што до тогаш се прославувало како резултат на традицијата настаната во текот на вековите кога таа била споена со црквата. Така се јавиле нови неработни денови како државни празници, за да се слави создавањето на една држава, раѓањето на една нација, еден културен настан, победа над некое зло, завршување на некоја војна, ослободување на една земја од окупација, обединување на некој народ, историски моменти што одбележувале некои настани во минатото од историјата на една нација или една држава. Се празнувале и сега се празнуваат родендени на кралеви и кралици, но и на диктатори.

И Македонците имале потреба да одбележат историски настани. По формирањето на Република Македонија, како една од републиките на поранешна Југославија, за празници беа прогласени 2 Август-Илинден, 11 Октомври-Денот на кревањето на востанието во 1941 година против германскиот и бугарскиот окупатор во Македонија. Со Законот за празници од 1998 година, како државен празник беше прогласен и 8 Септември-Ден на независноста.

Инаку, паралелно се празнуваат и т.н. меѓународни празници: Нова Година и 1 Мај и тоа по два дена. Тоа важеше, но и сега важи во сите република на поранешна Југославија. Само Хрватска ја смени оваа традиција и во неа овие два празници се празнуваат само со по еден ден. Во другите 4 држави не им се брза да го скратат вториот ден. Со овој закон што се предлага Македонија би била втора земја, после Хрватска што би го сторила тоа.

За утврдување на некој празник, особено ако се сака тоа да биде државен празник, односно да се празнува како неработен ден, треба да се постигне согласност на најголемото мнозинство на граѓаните. Предлози можат да дојдат од различни страни. Владата е таа што официјално предлага некој ден да се прогласи за државен празник. Логично е, претходно да се извршат широки консултации, затоа што се што се санкционира во правна норма, мора претходно да се испита дали е прифатливо за мнозинството што треба да ја спроведува таа норма. Во конкретниов случај да се прифати некој ден како празник.

Рекапитулирајќи за она што е предложено, она што до сега беше објавено во весниците и она што беше речено овде, во Собраниево, се поставуваа следниве прашања:

Дали Владата, пред да предложи измени и дополнувања на Закнот за празници на Република Македонија, изврши консултации во јавноста со синдикатите, коморите и научните институции? Дали Владата доби начелна согласност и од сите коалициони паетнери за Предлог-законот и посебно за воведување на одделни нови празници? Дали таква согласност е добиена и за скратување на по еден ден од празниците Нова Година и Денот на трудот?

Исто така се псотавува прашањето дали е погоден моментот да се дебатира за воведување на така голем број празници, во момент на економска криза, безработица и сиромаштија? Како ќе реагира на сите овие прашања опозицијата? Тоа веќе го видовме.

Некој ќе рече-како за секој друг закон. Мислам дека не е така. Воведувањето на празнување на нешто ново не е исто како и воведување, на пример, нов данок, воведување на средно образование како задолжително или сл.

Како ја гледам фактичката ситуација во овој момент?

Имајќи го предвид моментот во кој што се донесува овој закон, економската и политичката ситуација во Македонија, мислам дека на нашата земја, па и на оваа Влада не и е од приоритет ниту предложениот закон, ниту воведувањето нови празници. Факт е дека Владата не сповети доволно време на подготвување терен на законодавно уредување на една материја што допира до секој поединец во државата. Но и до самата држава, како организатор и регулатор на општествените процеси. Треба многу повеќе време и многу повеќе сериозност во согледувањето на моменталната состојба и во селектирањето кога и кому и колку ќе му се предлага да празнува.

Празнувањето е и приватна работа на поединецот. Треба да биде убеден дека државата утврдува потреба од неработење за да се празнува нешто што не е наметнато за него. Ако тој треба да бира меѓу заработката и неработењето за да празнува нешто што не му е приоритетно, мислам дека сигурно тој ќе си го гледа својот интерес т.е. заработката. Наметнувањето празници што луѓето не ги чувствуваат не е добра работа. Дури иако доаѓаат од Владфа што, во моментов, можам да кажам дека е успешна Влада. Мислам дека на никој од Европската Унија ниту на крај памет нема да му падне да ја критикува Македонија поради малиот број на празници. До сега тоа не сум го слушнал, не го најдов во Прашалникот и во Мислењето на Европската комисија од ноември 2006 година.

Напротив, што ќе се случи ако се воведат уште 9 нови празници, уште 9 нови неработни денови? Поради тоа што Македонија има поинаков календар од сите други земји членки на Европската Унија, вклучително како што беше овде речено до сега и трите православни земји Грција, Бугарија и Романија, ќе се случи во Македонија да се празнуваат датуми според Јулијанскиот календар, што се различни од празниците според Грегоријанскиот календар. И, сега има проблеми во комуницирањето меѓу Европската комисија и органите на Македонија кога се слави Божик и вториот ден Велигден, затоа што ниту првиот, ниту вториот празник не се поклопуваат на ист ден секоја година, како што е например оваа 2007 година кога Велигден за сите христијани е на 8 април.

Често се случува новогодишните и божиќните празници да се спојуваат, а се со различни датуми со земјите на Европската Унија и во Република Македонија. Практично, Скопје и Брисел да не комуницираат повеќе од две седмици колку што вкупната разлика меѓу календарите.

Како го гледам прашањето за Грегоријанскиот и Јулијанскиот календар што беше покренато од некои пратеници од опозицијата?

Се поставува прашањето дали Македонија односно МПЦ не би требало уште сега, а овој Предлог на закон е добра можност или повод да размисли за прифаќање на Грегоријанскиот календар? Впрочем, ако се стремиме кон Европа, ако сакаме да бидеме партнери со европските народи, во рамките усогласувањето на нашето со европското законодавство мораме да го направиме и тој чекор.

Календарот не е проблем на Православната црква во целина. Тоа го покажува и фактот што три православни цркви во три членки на Европската унија одамна преминале на Грегоријанскиот календар. Ова не е прашање на црковниот спор помеѓу МПЦ и СПЦ. Македонија би треболо да биде членка на Европската унија пред Србија и таа, до тогаш мора да го смени календарот зашто ќе биде единствената што ќе функционира според подруг календар по кој функционираат сите други земји членки на Европската унија.

Македонија и  Македонската павославна црква не траба да чекаат и Србија да влезе во Европската унија па тогаш заеднички да го менуваме календарот. Не сум убеден како што се тврди во Македонската православна црква, дека календарот е можеби последната работа што треба да се решава во односите помеѓу МПЦ и СПЦ, дека промента на календарот ќе ги влоши и онака влошените односи помеѓу двете цркви .

Сега, кога се разговара за воведување на нови неработни денови врз база на регилиозни празници, мора да се мисли и за календарот и тоа не е само црковно прашање. Се предлага прогласување на неработни денови за Бадник, Богојавление, Велики Петок, Голема Богородица, Задушница, кои се различни денови од оние кои се слават, а некои и не се слават во европските земји.

Некој ќе рече прашањето за календарот ќе го решат двете најголеми цркви Православната и Католичката. И покрај некои приближувања меѓу нив јас сум голем песимист дека тоа ќе се реши во следните 100 години, ако се чека црквите да се договорат. Не се очекува центрите во Цариград и Москва да попуштат пред Рим.

Македонската православна црква и Македонија треба прашањето да го решат како што тоа во минатото го направиле Грција и Грчката православна црква, Бугарија и Бугарската православна црква и Романија и Романската православна црква со еднострана одлука. Доколку се смени календарот не само што ќе ги изедначиме истите религиозни празници што се празнуваат во земјите на Европската унија, туку и на тој начин ќе се усогласи работата на македонските и европските  институции и ќе се симне од дневен ред проблемот со празниците за католиците во Македонија.

На крај да го споменам и проблемот што поради календарот го имаат нашите иселеници во европските земји, но и прекуокеанските земји. Оние од Европа, кога сакаат да ја посетат земјата за Божиќните празници, тоа го чинат пред Нова година за време на католичкиот Божиќ, зошто тогаш се на одмор. Православниот Божиќ не можат да го прослават зошто мораат да се вратат на работа. Оние од прекуокеанските земји се присилени да слават два божиќа и кателичкиот кога не работат и 14 дена подоцна православниот според Јулијанскиот календар кога слави нашата Македонска православна црква во македонските цркви во Америка, Канада и Австралија.

Нешто и за празниците на припадниците на заедниците.

Сигурно дека за дополнително прашање за Македонија е што со закон се определуваат за неработни денови не само државните празници и другите празници за мнозинството православно население, туку и за тоа кои денови ќе бидат неработни за припадниците на другите религиозни групи и заедници. При тоа се отвара можност да се предлагаат како празници не само религиозни туку световни празници поврзани со историјата, културата, писменоста на деловите на другите народи што како малцинство живеат во Македонија. Се предложи празник што не се слави ниту во матичната земја на Албанците. Се предлага празнување на денот на формирање на Призренската лига. Исто така се предлага за празнување на празници на Ромите 18 април и 9 мај и на Власите 20 мај кои не се празнуваат никаде во светот како неработни денови. Сличен е случајот и со предлогот да се празнува 21 декември како Ден на наставата на турски јазик за припадниците на турската народност.

Кажувајќи го ова сакам да искористам прилика да речам дека не значи дека сум против празнување на овие празници. Прашањето е дали тоа треба да се регулира со закон. Еве некои завршни согледувања што можам да ги кажам во оваа прилика, имајќи предвид колку е и часот.

Анализирајќи го постојниот Закон, Предлогот за изменување на Законот за празниците и амандманите што се поднесени од пратениците на текстот на овој Предлог на закон може да се констатира дека се предлагаат премногу нови празници, премногу нови неработни денови. Прашувам, дали на Македонија и требаат толку нови празници, толку други нови неработни денови покрај оние што ги празнуваме.

Имено, сега имаме три државни празници со три неработни денови, два други со по 4 неработни денови, кои два празници за верниците од христијанската вероисповест: првиот ден на Божиќ и вториот ден на Велигден кои, практично

сите во Македонија не ги работат или вкупно 9 неработни денови. Покрај тоа, неработни денови се и првиот ден на Рамазан Бајрам и првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од исламската вероисповест. Тоа е нешто малку повеќе од празниците што се слават како неработни денови во Велика Британија и Холандија, во кои земји има 9 празници со 7 неработни денови, бидејќи два празници паѓаат во недела.

Со Предлогот на закон за празниците би се празнувале 6 државни празници и 5 други празници со вкупно 11 неработни денови и 5 религиозни празници за припадниците на православната вероисповест што практично сите ги празнуваат или вкупно 16 неработни денови.

Во земјите членки на Европската унија, најмногу празници имаат Австријците, 17 празници со 15 неработни денови. Тоа значи дека Македонија, со вкупно 16 неработни денови би имала најмногу празници во Европа. На тоа треба да се додадат и неработните денови на верниците од муслиманска вероисповест еден ден, за верниците од католичката вероисповест три дена и за албанската заедница еден ден.

Се прашувам дали на овој начин треба да се приближуваме кон Европската Унија и да ги престигнеме членките на оваа Унија, најнапред со празнувањето, односно дали не би требало да биде обратно, прво да се обидеме да ја подобриме економијата, да ги завршиме реформите, да го усогласиме законодавството со европските норми во другите области, а за празниците да размислуваме нешто подоцна.

До сега, државни разници во Македонија беа три и сите беа поврзани со денови на историјтата на Македонија како држава. Не се празнуваа религиозни и други празници како држава. Сега се предлага да се празнуваат и деновите на светците Кирил и Методиј и Климент Охридски. Се предлага да се празнува уште еден ден 23 октомври како Ден на македонската револуционерна борба. Тоа значи дека бројот на државните празници се зголемува за 100%. Односно, бројот се дуплира.

И во категоријата празници имаме зголемување на бројот од 2 на 5, што значи повеќе од дупло. На световните Нова Година и Први Мај како празници им се додаваат религиозни празници и тоа два, врз база на православната и еден на муслиманската религија. Нова Година и Први Мај се намалуваат на по еден ден.

Во европските земји не се прави разлика меѓу државни празници и други празници. Таму, сите празници се во една иста категорија и световните и религиозните, а најголемиот дел од нив се празнуваат по еден ден, освен Велигден и Духовден по два дена.

Во европските земји ако некој празник падне во недела, не се пренесува во понеделник, како што тоа остана обичај кај нас од времето на поранешна Југославија.

Македонија е карактеристична и по тоа што како неработни денови се прогласуваат и посебни празници за верниците од православна и мулсиманска вероисповест и за припадниците на Еврејската заедница.

До сега, кога се празнуваше првиот ден на Божиќ и вториот ден на Велигден како празници на православните верници и припадниците на другите вероисповести на државава и тие, исто така, не работеа. Кога пак е Рамазан Бајрам, Курбан Бајрам не работат припадниците на муслиманската вероисповест,а другите работат.

Владата, оваа година, го прогласи за неработен ден вториот ден на Божиќ затоа што падна во недела. Денот ќе се одрабои во некоја идна сабота. Тоа ќе важи за сите инстутуции на државата и за фирмите. Дали припадниците на муслиманската вероисповест не работеа на 8 јануари, прашање е? Впрочем, по правило, Владата може да прогласи за неработен ден православен празник само за во оние институции што се финансираат од Буџетот, а не и за приватните фирми.

Религиозните празници кај христијаните датираат од времето на апостолите, преку слвење на споменот за големите мистерии на Исус Христос. Меѓу тие празници едни сочинуваат годишен циклус што потсетува на главните случки поврзани со историјата на Исус Христос. Другите се наменети за да се слави одбележувањето на смртта на некој светец или некоја светица.

Сите празници не се од исто ниво. Се разликуваат празници од прв и празници од втор степен, поважни и поневажни празници, некои ја имаат истата важност како и неделата како празник. Други, само им се препорачувани на верниците од страна на црквата.

Зошто ова го зборувам? Едноставно, затоа што и колегите пратеници и јавноста треба да знаат од каде доаѓа идејата да се слави некој празник. Кое е нивото на важноста на празниците? Колку тоа влијае на одлуката на некои од предложените празници да се прифатат од оваа фаза на изменување на Законот? Прашањето е уште позначајно, за тоа што има празници што се од прва, а други што се од втора категорија.

Потоа, има празници што се директно поврзани со религијата и други кои се поврзани со македонската односно словенската писменост, 24 мај Св. Кирил и Методиј и 8 декември Св.Климент Охридски. Нивото на празниците Богојавление, Велики Петок, Голема Богородица и Задушница не се исто како нивото на Божиќ и Велигден. Од тука се поставува прашањето дали не би требало во правата фаза да се воведат само празниците поврзани со Божиќ на пример Бадник ден пред Божиќ и втор ден на Велигден, како и еден празник поврзан со писменоста на пример Св.Кирил и Методиј. Последниот е добро формулиран како ден на словенската писменост за разлика од неговото славење во Бугарија каде се слави како ден на Бугарската писменост. Св.Кирил и Св.Методиј се основоположници на словенската писменост од која се развиле сите други писмености на словенските народи меѓу кои

и Руската, Македонската, Бугарската, Српската и други вкупно 14 писменосни јазици. Со прифаќањето на овој празник Македонија ќе им даде почит на двајцата светци кои тргнале токму од оваа земја за да ја шират оваа писменост. празнувањето на 24 во мај не е ново, сега само тоа ќе се регулира со закон на ниво на државен празник.

Пред да заклучам да рекапитулирам што се предлага со новиот Предлог закон и какви празници се празнуваат во земјите членки на Европската унија и во нашето сосетство.

Ситуацијата е следна: во земјите членки на Европската унија што ги анализирав Белгија, Франција, Холандија, Луксенбург, Велика Британија, Шпанија, Италија, Германија, Австрија и Швајцарија по правило имаат само еден световен празник кој начисто е националниот, ден потоа сите ги прославуваат Нова Година и Први Мај и сите имаат уште најмалку 8 религиозни празници. Имено се слави Велигден, два дена од кои еден во недела, оваа година на 8 и 9 април, потоа Возвесение Христово на 17 мај, Духовден два дена од кои еден во недела кој е 50 дена по Велигден и оваа година е на 27 и 28 мај, потоа Голема Богородица на 15 август, празникот на сите светци 1 ноември и Божиќ 25 декември.

Во Холандија и Велика Британија се празнуваат 9 празници од кои еден во недела или вкупно 8 неработни денови. Швајцарија има 10 празници, Шпанија 11, Белгија и Луксембург 12 празници, Франција 13 од кои 8 религиозни и 2 во недела и 5 световни. Ист број на празници има во Италија, во Германија има 14 празници, а во Австрија, како што реков 17 празници од кои 2 во недела или вкупно 15 неработни денови.

Кај другите соседни земји ситуацијата со празниците е следна: Во Грција се слават 10 празника со 13 неработни денови, Србија има 2 меѓународни празника Нова Година и Први Мај кои се слават по два дена, Црна Гора има 7 празника со 12 дена, Хрватска 12 празника со 12 неработни денови и Босна и Херцеговина која е составена од три заедници има најмногу празници вкупно 17 со 17 неработни денови поединечно во секоја од деловите од оваа држава.

И на крајот да заклучам со неколку предлози.

Предлагам Владата да прифати Предлог законот за изменување на Законот за празници на Република Македонија да се донесе во две фази. Да се организира јавна расправа во текот на која што ќе се сондира мислењето на јавноста за прифаќање на секои од предложените нови празници и скратувањето на по еден ден од постојните празници Нова Година и Први Мај.

Да се прифатат најмногу 5 нови празници како неработни денови наместо сегашните 9.

Да се даде приоритет на световни празници кои ќе ја зацврствуваат државата единството на македонскиот народ наспроти празниците кои паралелно ќе се празнуваат од различните верски исповести. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Зашов.

За реплика се јави пратеникот Агрон Буџаку, повелете.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван колега Зашов,

Ова не е типична реплика, туку е атипична, бидејќи има три точки кои сакам во овие три минути да ги спомнам.

Првата, една корекција на терминологијата на почитуваниот пратеник кога говори за нешто што не е уставна, ниту законска терминологија дека Македонија, како мултилатерална држава.

Второ е, во врска со употребата на поимот малцинства. Овде имаме уставен поим, значи заедниците се делат на мнозински и немнозински заедници.

И втората точка е во врска со тоа што го кажа почитуваниот господинот пратеник кој припаѓа на Нова социјалдемократска партија во врска со Предлогот, за што јас останав во дилема, мислам дека со Деловникот на Парламентот и со праксата оваа дилема, не е задолжено, може да ми ја објасни почитуваниот пратеник, дека дали овој Предлог на Владата или е Предлог каде учествува и партијата на почитуваниот пратеник или е предлог како претставник на Владата од каде ни доаѓа господинот Мешков кој е на Либералната партија. Значи не соодвестува, можеби, со бројот на верските празници и празникот на ВМРО која партијата, носител на оваа коалиција ја наметнува, значи доколку може да ми го објасно ова од каде доаѓа овој прадлог.

Трето, јас се согласувам со почитуваниот Зашов во врска со тоа дека и за мене е малку чудно оваа Влада која работи денонoќно, сега ни дава толку денови неработни и се поставува прашањето дали може Македонија со овие многу неработни дена да направи економски чуда кои ги има предвидено оваа Влада? Јас мислам дека најпогодно би било во овој случај да се земат бројот на празниците на еден народ и за мене на една држава како што е Јапонија одошто да се земат примерите кои се спомнаа од неколку претходни пратеници во врска со бројот на неработни дна во неколку држави, во која прилика го поздравувам излагањето на господинот Зашов во однос на јавноста, во однос на минатото на празниците. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Зашов дали ќе го искористите правото на контра реплика, повелете.

**Благој Зашов:** Не е ова контра реплика, всушност ова е само едно појаснување.

Направен е еден лапсус во поглед на меѓунаредно општество тоа е “мултинационално” општество за кое зборував. А за тоа, за дилемата кај госпдинот Буџаку дали е ова Предлог на Владата или нечиј друг, јас го кажав мојат став. моето мислење во поглед на овој Предлог и останувам на тоа што е кажано. Се разбира дека Владата го има предложено и за него расправаме.

За третото немам коментар, бидејќи сето она што го говорев мислам дека господата пратеници го разбраа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Верица Филипова.

Се извинувам госпоѓа Филипова, бидејќи министерот се јавил за збор, не се гледа од тука поради големиот број пријавени пратеници.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Љупчо Мешков:** Господинот Зашов го постави прашањето дали се консултирани коалиционите партнери. Јас и во моето уводно излагање кажав дека ова предлог на Владата на Репулбика Македонија и на претставниците во Владата на сите коалициоини партнери. Ако господинот Зашов има друго мислење се разбира тоа е негово право и он си го искажува во Парламентот. Инаку, предлогот на целата Влада и на сите коалицони партнери.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Збор има пратеникот Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Кога слушнав дека ќе се носи нов закон за празници очекував дека суштината на законот ќе биде усогласување на календарите, усогласување на Грегоријанскиот и Јулијанскиот календар односно славење на празниците конечно како што слави цела Европа и целиот свет. Посебно знаејќи дека министерот за труд и социјална политика е претставник од Либералната партија, Партија која веќе подолго време се залага за усогласување на нашиот Божиќ и на католичкиот Божиќ, односно славење на Божиќ во Македоија на 24 декември, дека ќе биде новиот предлог за државни празници во тој стил.

Наместо да добиеме закон кој ќе одговара на современиот начин на живеење на трендот на Македонија кон Европска унија ние добивме уште поголема каша, закон кој носи нови несогласувања во државата, закон кој е база за нови омрази.

Во образложението за причините за новиот закон за празници како најбитен дел е наведено усогласување на празниците на Репулбика Македонија и приближување кон Европската и Светската пракса за празнување на работни денови. Ништо слично не претставува овој предлог. На ниту едно место во оценките од било која меѓународна организација не е напишано, или пак кажано дека проблем во Репулбика Македонија е тоа што нашата земја има неусогласено празнување со остатокот на светот. Напротив, во последната оценка од Европската комисија како една од главните негативности на македонија е непостоењето на поволна бизнис клима. Поддршката која ја добиваат малите и средните претпријатија од Владата и од системот и понатаму е минимална односно само декларативна. Впрочем, и дел од Минхаузовскиот приот од ден на ден, тоа го гледаат се повеќе луѓе, не само преставниците и членовите на опозициските партии, во преродбата “100 чекори” беше флексибилноста и мобилноста на работната сила, а со овој закон се делува директно против развојот на економијата.

Со зголемувањето на неработните денови се создава дополнителен трошок на македонските работодавци, двигателите на македонската економија. Тие ќе треба да плаќаат трошоци за денови во кои не би произведувале. Пресметката, односно пресметувањето на овие трошоци за деновите кога не би работеле нивните претпријатија изнесуваат 16.000 годишно по вработен, сума која воопшто не е за занемарување.

Покачувањето на таквите непотребни трошоци за претпријатијата во Репулбика Македонија дефинитивно не оди во прилог на креирањето флексибилна и мобилна работна сила, бидејќи создава за секој македонски работодавец дополнителни трошоци.

Тоа исто така би послужило, што е исто така толку важно како обезхрабрување за секое лице кое би сакало да инвестира во Македонија. Замислете ја негативната промоција која законот би ја имал меѓу странските инвеститори “инвестирајте во Репулбика Македонија”, само што си ги зголемивме неработните денови за кои вие ќе треба да ни плаќате. Но, најважно од се е што овој закон ќе ги повреди малите и средни претпријатија кои на секој можен начин се трудат да го распределат и така тесниот буџет. Сега ќе мора да плаќаат, како што реков претходно уште по 16.000 денари за секој вработен годишно.

Искуствата од другите земји покажуваат дека тие на своите претпријатие им даваат далеку поповолни услови. Во Републка Хрватска, не би кажувала на долго во досегашните дискусии слушнавме обемни излагања и примери за во другите држави, меѓутоа, накратко во Република Хрватска, земјата најчесто циркулира како македонска мерна точка за патот кон Европа во 2007 година ќе има само 13 неработни денови за државни празници и ниту еден празник задолжен со закон кој би и припаднал на одредени граѓански групи.

Во Република Турција, земја со чии компании многу претпријатија од Македонија конкурираат на европските пазари, државата има наложено со закон пропишани 13 неработни денови за државни и верски празници не давајќи посебни привилегии за било која граѓанска група.

Во САД, земја која се споменува како најака светска економија државата им наложува на работодавците максимално 8 до 9 неработни денови, кои варираат од држава во држава, каде што се прават најразлични комбинации меѓу различните празници.

Останатите празници на различните граѓански заедници во САД им се оставаат на граѓаните да

ги прославуваат користејќи денови од сопствениот годишен одмор.

Во Европска унија, на претпријатијата им се наложени во просек околу 11 неработни денови, бројка која е исто така критикувана од страна на бројни економски експерти како голема сопирачка за економскиот развој.

Сите овие досега поменати денови се помалку од 16,35 неработни денови кои во просек би им биле наложени на македонските претпријатија со новиот закон.

Со давањето на празниците од типот на 23 октомври, 8 декември, 24 мај, не би ја доближило Репулбика Македонија до многу земји бидејќи истите денови не се глобални празници, туку се прославувани во помал број земји. Само за споредба.

Празници од типот на 23 октомври се слават само во пет земји во светот.

Празници од типот на 8 декември се слават во шест земји во светот.

24 мај и такви празници се слават во шест држави од кои само две го слават од истите причини како и ние.

Интересно е што ниту еден од горенаведените празници некоја од земјите славеници не се повторуваат.

Не би сакала да изразам непочит кон значењето на некои од овие настани, но зошто не би го славеле на пример денот кога е донесен првиот македонски Устав, или денот кога Репулбика Македонија беше примена во ООН, Денот на беласичката битка, Денот кога некоја друга значајна личност од земјата е родена или загинала. Сите овие денови имаат барем исто толкаво значење, како и предложените горенаведени, а не би не приближиле ништо повеќе, ниту помалку до Европската и Светска пракса за празнување на неработните денови.

Исто така, се воведува праксата на славење на одредени празници, претежно верски од одредени граѓански групи.

Бидејќи Репулбика Македонија е секуларна држава, повторно ќе повторам бидејќи Репулбика Македонија согласно со Уставот е секуларна држава која треба да нуди еднакви можности на сите граѓани, славењето на верските празници треба да е ограничено на минимумот, колку да се задоволат најголемите верски потреби на позначителните граѓански групи во земјата. Така, освен Велигден, Божиќ и Рамазан Бајрам, празници кои се однесуваат на значително големи граѓански групи во земјава, останатите празници би требало според мене секој индивидуален граѓанин да ги слави на трошок на сопствениот годишен одмор.

**Бесим Догани:** Госпоѓа Филипова, бидејќи е 18,00 часот ако привршувате, за кратко да ве сослушаме ако не да оставиме за утре.

**Верица Филипова:** За пет минути ако може.

**Бесим Догани:** Добро, тогаш да завршиме.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Овие празници за различни граѓански групи би го чинело секое претпријатие 5182 денари по вработен без да се произведе било каков производ. Поведувањето на прославата на овие празници на трошок на граѓаните еднакво би ги задоволило потребите од славење на празници на секоја граѓанска група, а исто така би било и поекономично за македонските претпријатија.

Всушност, оваа пракса е применета во многу земји во западот, не е нешто што јас го измислувам овде.

Во цела Република Македонија постои повеќе од 70 годишна традиција на прослава на 1 и 2 мај. Постојат историски показатели дека уште 20-тите и 30-тите години на минатиот век работничката класа во земјата масовно ги прославувала овие два дена. Во најголем дел од земјата оваа пракса сеуште широко се применува. Укинувањето на 2 мај би можело да ја наруши веќе прифатената традиција од пошироките македонски маси на прославување на овој ден. Ова би можело да резултира во поголемо зголемување на незадоволството на вработените во македонските претпријатија отколку што би го зголемило задоволството од празнувањето на некои нетрадиционални празници за Репулбика Македонија.

Комеморацијата на настаните на еден од новопредложените денови би можела да се префрли на 2 мај, ден кога повеќе граѓани се навикнати да прославуваат и кога значењето на овие денови би било многу многу по прифатено и по безболно за вработените во Репулбика Македонија. Оваа пракса веќе е применета во Сад.

Новиот закон не би ја приближил Репулбика Македонија до светската и европската пракса на прославување на празниците. Тој би создал само дополнителни трошоци за претпријатијата, од Репулбика Македонија што би испратило негативен сигнал кон меѓународната заендица за постоењето на поволна бизнис клима во земјата. Притоа, без да се намали значењето на настанатот на формирањето на ВМРО на 23 октомври 1893 година, предлогот за празнување на овој специфичен ден води само кон заклучок дека ВМРО ДПМНЕ, партија која на многу пати контраверзно се има декларирано како наследник на оваа организација, што може да се забележи и од нејзиниот грб сака безправно да ја прославува својата партија како државна. Зошто да се слави денот на формирањето на ВМРО, а да не се слават некои други денови. Зошто да не се слави денот на формирањето на Армијата на Републбика Македонија, на формирањето на Комунистичката партија на Македонија, денот на Македонската полиција, сите датуми со исто толку големо значење како и првиот, како што е денот на Македонската полиција или денот на формирањето на АРМ можеби и со поголемо значење од 23 октомври 1893 година. Празнувањето на 23 октомври би донело само

повеќе контраверзии и со себе би носело ризик од воведување на тоталитарна власт од страна на ВМРО ДПМНЕ. Во најмал случај се остава таков впечаток кај многу граѓани дека ова претставува обид за воспоставување на тоталитарна власт без разлика на тоа дали таа партија се оградува или не од ваквите ставови.

Благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** тука завршуваме за денес.

Продолжуваме со работа утре во 11,00 часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,05 часот)